„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“
СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ
02/3213 227

ЕМИСИЈАТА „ТРЕТА ДОБА“ СЕ ЕМИТУВА СЕКОЈА САБОТА ВО 14.15 ЧАСОТ НА МТВ 1 ПО ЕМИТУВАЊЕ НА ВЕСТИТЕ. ЕКИПАТА МЕСЕЧНО ПОДГОТВУВА 2 ПРЕМИЕРНИ ИЗДАНИЈА, А ПО ЕМИТУВАЊЕТО НА ПРЕМИЕРАТА, СЛЕДНАТА САБОТА ВО ИСТИОТ ТЕРМИН СЕ ЕМИТУВА РЕПРИЗНОТО ИЗДАНИЕ ЕМИСИИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНО СЕ РЕПРИЗИРААТ ВО ДРУГИ ТЕРМИНИ, НА МТВ 1 И НА САТЕЛИТСКАТА ПРОГРАМА ТЕРМИНОТ НА ЕМИТУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА „ТРЕТА ДОБА“ СЕ МЕНУВА И НЕ Е ПОСТОЈАН ОД ПРОГРАМСКИ ПРИЧИНИ НА МТВ

СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

29 мај 2026 година
број 211

Година XIX Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710
ISSN 1857-7660

**80 години** *пензионерско организирање*

## ОДГОВОРИ НА НАПАДИТЕ ВРЗ СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА ОБЈАВЕНИ ВО МЕДИУМИТЕ

➡ стр. 3

## СЕ ОДРЖАА 24. РЕГИОНАЛНИ РЕВИИ НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО СИТЕ 8 РЕГИОНИ РЕПУБЛИЧКАТА РЕВИЈА ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО ЈУНИ 2026 ГОДИНА



## Започнаа да се одржуваат 30-тите регионални спортски натпревари во 11 спортски дисциплини, а ќе завршат во јуни 2026 година Републичките натпревари ќе се одржат во септември по повод Денот на пензионерите - 20 септември



# СРЕДБА НА ПРЕМИЕРОТ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ СО РАКОВОДСТВОТО НА СЗПМ

На 22 мај 2026 година, во Владата се одржа средба на Премиерот Христијан Мицкоски со делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во состав: Станка Трајкова, претседателка на СЗПМ, Добре Иванов, претседател на Собранието на Сојузот и Музафер Муртезани, потпретседател на Извршниот одбор на СЗПМ.

На средбата беа разгледани прашања во врска со материјално-социјалната положба на пензионерите, прашања од областа на здравственото осигурување и здравствената заштита, од социјалното домување како и други бенефиции во интерес на корисниците на пензија. Исто така, беше нагласено и барањето за ослободување на здруженијата на пензионери од плаќање данок на средства за социјално-хуманитарни цели, потоа изградба на државни старски домови, проширување од позитивната листа лекови и барање за реактивирање на бањската рекреација на пензионерите.

На заедничко задоволство беше потенциран и фактот дека се нивелираа пензиите со достигнато ниво на просечната пензија од 28.269 денари, најниската 20.288 денари, а се оствари и покачување на лимитот на пензијата од 18.000 денари на 22.000 до кој износ пензионерите се ослободени од болничка партиципација.

Исто така, Премиерот беше запознаен со престојот на Претседателката Трајкова во Љубљана на меѓународната средба за меѓугенерациска поврзаност и соживот.

**На крајот од средбата Премиерот вети дека со задоволство ќе присуствува на работна средба со членовите на Извршниот одбор на СЗПМ и со поголем број пензионери.**

СЗПМ

## Седница на собрание на СЗПМ

## Едногласно усвоени: Извештајот за работа, финансискиот извештај од Надзорниот одбор, од Независниот ревизор и Годишната сметка на СЗПМ за 2025 година, како и препораки за претстојните избори во здруженијата и во Сојузот за мандатен период 2027 - 2031 година

## ВО ОВОЈ БРОЈ...

ЗДРУЖЕНИЈА КОИ ЌЕ УЧЕСТВУВААТ НА 16. РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ 2026 ГОДИНА стр. 2
АКЦЕНТИ ОД ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА СЗПМ ЗА 2025 стр. 3
АКТИВНОСТИ НА ЗП стр. 5 и 6
АКЦИЈА „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД“ стр. 7
ЛИЧНА КАРТА НА ЗП СВЕТИ НИКОЛЕ стр. 9



24. РЕГИОНАЛНИ РЕВИИ НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ 1. РЕГИОН; 2. РЕГИОН; 3. РЕГИОН; 4. РЕГИОН; 5. РЕГИОН; 6. РЕГИОН И 8. РЕГИОН стр. 10 11 14 и 16
ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12
МОЗАИК стр. 14
ЗАБАВА стр. 15
ВИДИЦИ стр. 16

ЌЕ ИЗЛЕЗАТ

18 јуни 2026 - Прилог за пензионери во „Коха“

26 јуни 2026 „Пензионер плус“

ПЕНЗИОНЕР плус

ОСМА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА СЗПМ

# Едногласно донесени извештаите за работа и Годишната сметка на Сојузот за 2025 година

На 29.4.2026 година се одржа седница на Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија која ја раководеше претседателот на Собранието на Сојузот Добре Иванов. Пред почетокот на седницата претседателот на Собранието Добре Иванов истакна дека оваа седница беше закажана да се одржи на **23.4.2026** година, но истата е презакажана заради деловнички причини, односно не беше запазен рокот на одржување на седницата од испраќањето на материјалите до датумот на одржување кој треба да изнесува 8 дена. Потоа беше утврден 2/3 кворум со прозивање на присутните.

За седницата се измени дневниот ред од одложената седница поради одредени причини и тоа: Верификација на мандатите се одложи бидејќи пристигнале повеќе барања за кои нема целокупна документација. Исто така, во дневниот ред се додаде да се донесе Одлука за усвојување на Годишната сметка за 2025 година и Извештај за работата на Сојузот од независниот ревизор.

Потоа, делегатот Дончо Ѓерасимовски предложи после материјалите да не се дава уводно излагање, но само ако има забелешки или прашања по материјалот, што беше усвоено.

На осмата седница на Собранието на Сојузот беа едногласно донесени следните документи:

**Годишен извештај за работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за 2025 година; Финансиски извештај за работењето на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за 2025 година, со извештај на Надзорниот одбор;**

**Одлука за усвојување на Годишната сметка на Сојузот за 2025 година;**

**Извештај на независниот ревизор по финансиското работење на Сојузот за 2025 година;**

**Нов правилник со измени за спортските игри на пензионерите;**

**Препораки за изборите 2027 - 2031 година.**

По извештајот за работа на Сојузот за 2025 година немаше забелешки, а за извештајот на Надзорниот одбор се прочита мислењето од НО кое гласи: **„Финансиските извештаи се уредно изготвени со аналитичко презентирање на приходните и расходните ставки и е констатирано дека работењето е во согласност со прописите, прифатената книговодствена практика и сметководствените стандарди за непрофитните организации“.** Одлуката за утврдување на Годишната сметка на Сојузот за 2025 година беше прифатена без забелешки.

Потоа беше прочитано мислењето дадено од независниот ревизор кое гласи: **„Приложените финансиски извештаи на Сојузот ја прикажуваат реално и објективно, во сите значајни аспекти, финансиската состојба на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 31.12.2025 година и резултатите на неговото работење и промените на фондовите за годината која завршува на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации“.** Истиот едногласно беше усвоен.

По Правилникот за спортските игри имаше дискусија за одредени прашања, посебно беше истакнато прашањето за ангажирање судии, укинување на дисциплината тегнење јаже и воведување нова дисциплина координација на фрлање обрач на чун, која ќе се применува од 1.1.2027 година. Предлозите ги образложи кратко претседателот на Комисијата за спорт и рекреација Здравко Петковски, кој истакна дека ќе се подготви пречистен текст на Правилникот и истиот ќе биде доставен до сите здруженија на пензионери.

На крајот на седницата беа донесени следните:

**ПРЕПОРАКИ ЗА ПРЕТСТОЈНИТЕ ИЗБОРИ ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА И СОЈУЗОТ ЗА МАНДАТЕН ПЕРИОД 2027 - 2031 ГОДИНА**

**1. Изборите на органите во Сојузот и здруженијата се спроведуваат на секои 4 години, без да се продолжува траењето на мандатите, ниту за таа цел да се менуваат статутите на СЗПМ и на здруженијата на пензионери.**

**2. Последните избори на органите на Сојузот беа спроведени на 29.3.2023 година.**

**3. Изборите во здруженијата на пензионери добро би било да се одржат заклучно со јануари 2027 година, поради навремено предлагање претставници за избор на членови во Собранието на СЗПМ, чии мандати на конститутивната седница треба да бидат верифицирани.**

**4. Со верификација на мандатот, членот на Собранието се стекнува со права и должности да бира и да биде избран во органите и телата на Сојузот и активно да учествува во нив, да ги извршува одлуките на Сојузот, да дава иницијативи, предлози и сугестии за решавање одредени прашања и проблеми од интерес на пензионерите.**

**5. Здруженијата на пензионери кои претходно направиле избори потребно е со одржување собраниска процедура да предложат претставници за членови на Собранието на Сојузот за мандатен период 2027 - 2031 година.**

**6. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и нејзините членки како невладини, непартиски и независни асоцијации изборните активности треба да ги спроведуваат без партиски и друг вид притисоци и влијанија.**

**7. Претставници од здруженијата на пензионери се бираат од Собранието на здружението не само по функција туку и од останатите членови на здружението заради исполнување поширoко делегатско учество во работата на Собранието на Сојузот.**

**8. При изборите во здруженијата и во Сојузот особено внимание и сметка би требало да се води за половата и националната застапеност.**

**9. За изборната седница на Собранието се води записник кој ги содржи сите податоци за текот на седницата, за усвоените извештаи, заклучоци и резултати од изборите на здруженијата и Сојузот.**

**10. Записникот со материјалите од дневниот ред се чува во архивата и има траен карактер согласно со прописите за архивирање.**

**11. За извршените избори на органите на управување потребно е здруженијата писмено да го известат Сојузот преку доставување соодветни материјали и акти за благовремено спроведување и на изборите во СЗПМ.**

**12. Една од посебно значајните ПРЕПОРАКИ, која се повторува е препораката во годината на избори да не се вршат измени и дополнувања на статутите на здруженијата и на Сојузот.**

**Исто така, се препорачува да не се одржуваат и вонредни седници, туку да се вршат потребните подготовки за редовните избори кои треба да бидат фер и регуларно спроведени согласно со статутите и другите акти.**

**На овој начин ќе се надминат евентуалните реакции и незадоволства од изборните постапки што ќе биде во прилог на зајакнување на кредибилитетот како на здруженијата така и на Сојузот.**

**СЗПМ**

Врз основа на член 23 став 1 алинеја 7 од Статутот на здруженија на пензионерите на Македонија, Извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија на 33-та седница одржана на 29.04.2026 година потврди:

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија во 2025 година оствари:

| | |
|---|---|
| **1.Вкупни приходи** | **10.407.360 денари** |
| - Приходи од членарина | 9.226.956 денари |
| - Други приходи | 1.180.404 денари |
| **2. Вкупни расходи** | **9.672.952 денари** |
| -Функционални расходи | 4.942.760 денари |
| - Интелектуални услуги | 1.515.805 денари |
| - Други трошоци | 3.214.387 денари |
| **3. Нето вишок на приходи (добивка)** | 734.408 денари |

Член 2

Остварениот нето вишок на приходи (добивка) за деловната 2025 година во износ од 734.408 денари, се распоредува во извори на средства за други намени

Член

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето

Собрание на СЗПМ
Претседател,
Добре Иванов

KRESTON MACEDONIA

**До:**
**Раководството на**
**Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија, Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

***Мислење на ревизорот***

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија, Скопје - (во понатамошниот текст Сојузот), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2025 година, како и на Билансот на приходи и расходи, и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија, Скопје ја прикажуваат реално и објективно, во сите значајни аспекти, финансиската состојба на Сојузот на ден 31 декември 2025, како и резултатите на неговото работење и промените во фондовите за годината која завршува на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

Скопје, 18 Март 2026 година

Овластен ревизор
Звонко Коцовски

Управител
Ненад Тортевски

# Здруженија кои ќе учествуваат на 16. републичка ревија на песни, музика и игри 2026 година, организирана од СЗПМ

На седницата одржана на 21.5.2026 година, Организациониот одбор и Комисијата за културно–забавен живот и рекреација на Извршниот одбор на СЗПМ, на предлог на селекторот (член 15 став 2 од Правилникот за ревии на песни, музика и игри) ја утврдија Програмата за 16. републичка ревија на песни, музика и игри за 2026 година.

Согласно со споменатиот член од Правилникот за ревиите на песни, музика и игри на Сојузот, извршен е избор на здруженија на пензионери од 8 региони, кои ќе учествуваат на Републичката ревија на песни, музика и игри.

Според податоците од реализираните регионални ревии од 8–те региони, бројот на учесници изнесува 436 лица. Покрај учесниците од избраните здруженија може да учествува и претседателот на здружението со своите соработници, најмногу до 2 лица.

Лице за контакт е Мара Илиќ тел. 02/3223 и 071/330–499

Поради значењето на манифестацијата, Ве молиме да посветите особено внимание на утврденото времетраење со цел да ѝ се даде сериозен приод и постигнување квалитет на Репуличката ревија на песни, музика и игри.

Здруженија кои ќе учествуваат на 16. републичка ревија на песни, музика и игри:

1. ЗП Центар
2. ЗП Струмица
3. ЗП Кочани
4. ЗП Охрид и Дебрца
5. ЗП Валандово
6. ЗП Крушево
7. ЗП Солидарност – Аеродром
8. ЗП Лозово
9. ЗП Демир Капија
10. ЗП Чаир
11. ЗП Прилеп
12. ЗП Битола
13. ЗП Пробиштип
14. ЗП Кратово
15. ЗП Тетово
16. ЗП Гази Баба
17. ЗП Македонска Каменица
18. ЗП Виница
19. ЗП Гостивар
20. ЗП Кисела Вода
21. ЗП Ѓорче Петров
22. ЗП Неготино
23. ЗП Тафталиџе
24. ЗП Илинден
25. ЗП Вевчани
26. ЗП Шуто Оризари

**За местото и датумот на одржување на Републичката ревија на песни, музика и игри, 2026 година, дополнително ќе бидете информирани.**

**СЗПМ**

**ЗАЕДНИЧКА СЕДНИЦА НА СТАТУТАРНАТА КОМИСИЈА И НА ПЕФ**

# Реакција во интерес на вистината

За да се сфати реалноста и да се разбере стварноста, со единствена цел да може да се донесе исправна одлука и да се негира она што поранешниот претседател на Сојузот Драги Аргировски во неговата колумна „Во СЗПМ ’очекуван земјотрес’“, а повод е отчетната седницата на Собранието, Статутарната комисија и Правно–економскиот форум (ПЕФ) на 12 мај 2026 година одржаа заедничка седница, а на дневен ред се најде токму наведената колумна. На седницата на Собранието присуствуваа 51 делегат и се работеше со двотретинско мнозинство, на која се поднесени и усвоени извештаи за работата на Сојузот. Се разгледуваше колумната и се дискутираше за да има одговор од двете тела на Сојузот, за да се види што е намерата.



Во колумната се изнесени претпоставки за незаконито работење, за трошење средства и нетранспарентност. Меѓутоа, нема ниту еден наведен факт од кој произлегуваат неговите заклучоци во колумната. Се констатираше дека е постапено согласно со Статутот, неспорен факт е дека седницата е одржана легитимно и е утврден кворумот, а неоснован е наводот дека усвоените одлуки на Собранието се нелегитимни, односно незаконити.

Во колумната се тврди дека претседателката ги срушила четирите основни столбови на работењето на Сојузот, транспарентност, толерантност, објективност и успешност во работата. Во врска со тоа, нема никаква аргументација во колумната. Напротив, овие се статутарни принципи и тие се строго применувани во текот на мандатот на претседателката Трајкова. Транспарентноста продолжува, со написи во „Пензионер плус“, особено претседателката е активна и учествува на медиумите за прашања кои се актуелни. Не може да се каже дека се срушени четирите столбови во Сојузот, затоа што сите актуелни прашања во Сојузот се објавуваат во „Пензионер плус“ и на веб–страницата. Освен тоа, еден дел од активностите на Сојузот е учеството во ТВ–емисијата „Трета доба“, спортските игри, во музичките ревии. Тоа се активности кои се многу битни и суштински за пензионерите. Исто така, за успешноста во работата кажуваат и финансиските показатели дека успешно се работи во Сојузот. Во однос на успешноста на работата на Сојузот факт е дека Владата донесе решение СЗПМ да е организација од јавен интерес.



Во тврдењето дека за периодот додека е Трајкова претседателка, пензионерите организирале протести. На седницата се нагласи дека за протестите на пензионерите не е причина Сојузот, туку поделбата на пензионерската популација, со фактот дека се воспоставени два модела на усогласување на пензиите, линеарно и процентуално.

Исто така, во колумната наведува дека во рефератот на прославата за 80 години пензионерско организирање, од претседателката не бил спомнат периодот кога тој бил претседател на Сојузот. Напротив во рефератот го има опфатено и периодот во кој Аргировски бил претседател. Но, потенцирано беше во рефератот дека неговиот придонес е значаен во делот на информирањето, како новинар и публицист.

Но, делот од колумната каде што Аргировски наведува дека пензионерите и забележувале и за нејзиниот непотизам со хонорарно ангажирање на роднини и блиски пријателки, како и други дејанија спротивни на европските стандарди, и дека нетранспарентно ги троши средствата. Извештајот од независниот ревизор дава спротивно, дека нема никаква злоупотреба, никакво незаконито трошење на пензионерските пари. Всушност авторот на колумната, со тоа прави типично подметнување и клевета.

Може да се каже дека целата содржина на наведената колумна е со одредена цел која не е добронамерна и сите наводи во колумната „Во СЗПМ ’очекуван земјотрес’“ не се соодветни на реалноста. Колумната изобилува со многубројни невистини, подметнувања, клевети и навреди на работата, на наводното однесување и постапување на претседателката Трајкова. Од тука е логично прашањето, кои биле мотивите и причините за вакво излевање на гнев, непочит, клевети и навреди против претседателката. Всушност, самиот автор отворено се разоткрива, откако на почетокот на колумната истата ја украсува со сензационализам и цинизам во однос на претседателката како епицентар на наводно очекуван земјотрес. Мотивите за непочитување на претседателката од страна на авторот почнуваат уште порано кога завршил мандатот на Аргировски и кога за претседател беше избрана Станка Трајкова. Меѓутоа, конкретен повод е неповикувањето на Аргировски на свечената седница на 80 години пензионерско организирање, а и тоа дека во рефератот на претседателката не биле опфатени најголемите успеси што биле постигнати во функционирањето и работата на Сојузот во неговиот период на двата мандата што ги имал во Сојузот. На некој начин наведува дека би требало претседателката да биде разрешена од функцијата во Сојузот, односно да се одржи вонредна седница на Собранието. Независно од вистинските мотиви основно прашање е поставено во колумната. Дали се срушени четирите столбови на работа и функционирање на Сојузот во времето кога како претседателка е Станка Трајкова? Овие принципи кои се наведени во колумната се всушност статутарни принципи и во неговиот и во сегашниот мандат на кои претседателите обрнуваат посебно внимание и може да се каже дека функционирањето на Сојузот е успешно и во времето на актуелната претседателка Трајкова. **СЗПМ**

# Текст од објавениот прилог на ТВ-Алфа

Новинарот: Тензии и обвинувања за фалсификат и исфрлување од салата на непожелни кои алармираат за злоупотреби и фалсификување на одлуки на пензионерското редовно Собрание. Дел од претседателите на локалните здруженија на пензионери беа исфрлени со обезбедување од салата во која заседаваше Собранието. Тие бараа да присуствуват на седницата бидејќи стравуваат од можен фалсификат на одлуките кои ќе бидат донесени без соодветен кворум. На седницата се најде финансискиот извештај и ревизорскиот извештај, за кои оваа година има сомнежи дека се нереални. Пензионерите сметаат дека се злоупотребуваат парите и се манипулира со нивната волја. Претседателите сметаат дека седницата зад затворени врати е можност да се изгласаат со лажен кворум.

Момчило Петровиќ претседател на ЗП Кисела Вода: Се повикуваа делегати на Собрание ноќе, дури бев информиран дури до единаесет ипол пред дванаесет беа известувани делегатите да дојдат. Што е причината, што толку тајно повикување и што е згужвано во еден простор. Не знам. Значи јас кога влегов кај обезбедувањетоми рекоа. Повелете да се потпишете. Јас реков не сум делегат, јас сум само претседател. Ако потпиши се. За да имаат кворум значи можам да се потпишам. А кога реков, не се потпишувам не сум претседател, тогаш ме исфрлија. Значи да им направам кворум да се потпишам може, а да следам не може.

Новинарот: Според нив сомнежите за фалсификат се оправдани, а за тоа укажува фактот дека претседателката на Сојузот на здружение на пензионерите ги собирала делегатите набрзина преку ноќ. Дополнително седницата продолжи зад затворени врати со исклучување на јавноста од целиот тек на седницата. Трајкова пред камерите на Алфа се правда дека седницата била закажана набрзина заради наводни кратки рокови за достава на Извештаите до Владата и другите надлежни органи.

Станка Трајкова претседателка на СЗПМ: Една од поеклатантните точки, коишто се значајни за оваа седница е и разгледување на Извештајот од независен ревизор, бидејќи ние сме организација со статус од јавен интерес и секоја година до крајот на април, поднесуваме извештај. Причина оваа седница којашто беше претходно закажана, а денес се закажуваше од денес за утре, вака да кажам, а токму заради тие причини да се запази овој преклузивен и законски рок, да може тој Извештај да се разгледа и да се достави до Владата.

Новинарот: За целиот мандат на претседателката Станка Трајкова здруженијата на пензионерите во Македонија имаат забелешки за нејзината работа. Тие и лани побараа оставка од функцијата. Ја обвинуваат за финансиски малверзации и нетранспарентно трошење на пензионерските пари. Секоја година бараат постапување на надлежните органи, но таа тврди дека чесно ја извршува функцијата. Како потврда за нејзината чесност таа дури и најави кандидатура за втор мандат.

До: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје
ул. „Качанички пат“ бб, Визбегово, Бутел

Од: Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија

**Предмет:** **ДЕМАНТ И БАРАЊЕ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ИСПРАВКА НА ИНФОРМАЦИЈА**

Почитувани,

На 29 април 2026 година на Вашиот медиум како медиумска објава во ТВ–дневникот беше презентиран коментар од Вашиот новинар и од Момчило Петровиќ, претседател на Здружението на пензионери – Кисела Вода, кој непоканет дојде во Сојузот иако не е член на Собранието. Коментарите и на едниот и на другиот се голема невистина, дека Момчило бил повикан за да се обезбеди кворум кој не беше спорен и утврден со прозивање на сите делегати.

Изнесените невистини за фалсификати и финансиски малверзации во Сојузот ги демантираме со официјални извештаи од Управата за јавни приходи и Извештајот од независен ревизор со кои се потврдува правилното и законито работење на Сојузот.

Мислењето во Извештајот на УЈП е објавен и во весникот „Пензионер плус“, а Извештајот од независниот ревизор се доставува секоја година до Владата, а заради транспарентност се објавува и на веб–страницата на Сојузот.

Му се препорачува на Момчило Петровиќ прво да си ги среди работите во своето здружение Кисела Вода, да ги почитува и применува препораките на Сојузот како што тоа го прават другите здруженија, а не да изнесува невистини во јавноста од причини кои само на него му се познати.

**Служба за информирање на СЗПМ**

# АКЦЕНТИ ОД ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

Во 2025 година, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија оствари повеќе активности со цел подобрување на животниот стандард на корисниците на пензија. Во таа насока, оствари соработка со сите релевантни општествени чинители за донесување значајни одлуки во интерес на сите корисници на пензија. За таа цел беа поднесени повеќе барања и тоа: натамошно унапредување на формулата за усогласување на пензиите, барањето за отстапување на пензионерските објекти во трајно користење на здруженијата на пензионерите, подобрување на здравствената заштита на корисниците на пензија, барање за доделување еднократна парична помош на пензионерите пред новогодишните празници, ослободување од плаќање данок на личен доход на социјалните пакети што ги доделуваат здруженијата на пензионери и други мерки надвор од пензискиот систем.

Во 2025 година, пензиите беа редовно и навремено исплатувани што придонесе за заштита на животниот стандард на корисниците на пензија.

**I МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНИОТ СТАТУС НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА**

**1. Заштита на стекнатите права од пензиското и инвалидското осигурување**

Значајно прашање за одржување на реалната вредност на пензиите е секако усогласување на пензиите. Од тие причини Сојузот го реактивира поднесеното барање пензиите да се усогласуваат од 1 јануари и 1 јули тековната година и на тој начин ќе се врши исплата на усогласување на пензиите за 12 месеци, а не како што е сега регулирано пензиите да се усогласуваат од 1 март и 1 септември тековната година. Правото на усогласување на пензиите предизвика пензионерите кои остваруваат право во текот на годината да не бидат во иста правна положба, затоа што пензионерите кои го остваруваат правото на пензија до 28 февруари добиваат усогласување и на 1 март и на 1 септември, што не е случај за корисниците кои правото го остваруваат од 1 септември. Овие предлози Сојузот ги достави до Министерството за социјална политика, демографија и млади за Работната група за реформи на пензискиот систем.

**2. Здравствена заштита на корисниците на пензија**

Сојузот преку активности за следење и подобрување на здравствената заштита на пензионерите се ангажираше за обезбедување што поквалитетна здравствена заштита. Уште на почетокот на годината по предлог на Комисијата за здравствена заштита, Сојузот испрати допис до Министерството за здравство во кое се бараше пензионерите кои имаат до 25.000 пензија, да бидат ослободени од плаќање на болничка партиципација, бидејќи со усогласување на пензијата и утврдениот лимит од 18.000 денари нема пензионер кој ќе може да користи болничка партиципација. Исто така, СЗПМ достави барање до Министерството за здравство за проширување на позитивната листа на лекови, со поквалитетни и лекови кои ги користат постарите лица. Сојузот во текот на 2025 година склучи повеќе меморандуми за соработка.

**II АКТИВНОСТИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД СОЈУЗОТ**

**1. Регионални ревии на песни, музика и игри 2025 година**

Во 2025 година се одржаа **Дваесет и третите ревии на песни, музика и игри** во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Тие започнаа **на 16 април а завршија на 21 мај 2025 година.** Домаќини на регионалните ревии беа: ЗП Демир Хисар, ЗП Кавадарци, ЗП Крива Паланка, ЗП Ѓорче Петров, ЗП Лозово, ЗП Сарај и ЗП Кичево.

**Здруженијата на пензионери од првиот регион оваа година не учествуваа поради трагедијата во Кочани.**

Во 2025 година по 15–ти пат на **5 јуни** се одржа **Републичката ревија на песни, музика и игри во Скопје**, во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Истата се одржа во Домот на АРМ во Скопје, а настапија 26 здруженија на пензионери, членки на Сојузот. На Ревијата настапија околу 500 пензионери од 7–те региони. На крајот на сите 26 здруженија на пензионери, учесници на 15–тата републичка ревија на песни, музика и игри, им беа доделени признанија од страна на претседателката на Сојузот, Станка Трајкова. Од изведените настапи Организациониот одбор на Сојузот избра две здруженија кои го претставуваа Сојузот на фестивалот „Трета животна доба“ во Љубљана и тоа пензионери од ЗП Крива Паланка и ЗП Ку–

маново. Комисијата за културно–забавен живот во 2025 година одржа четири седници.

**2. Спорт и спортски активности во 2025 година**

Сојузот на спортот и спортските активности им придава големо значење. И во 2025 година се одржаа 8 регионални спортски натпревари во периодот од 22 мај до 11 јуни 2025 година. Домаќини беа: ЗП Велес, ЗП Злетово, ЗП ОВР на РМ, ЗП Бутел, ЗП Крушево, ЗП Струмица и ЗП Охрид и Дебрца.

Во 2025 година 29–тите републички спортски натпревари се одржаа во Скопје во комплексот „Њу стар“ на 9.9.2025 година во пресрет на Денот на пензионерите (20 септември). За одбележување е дека оваа година на спортските натпревари беше присутна делегација од Словенија во состав Зденка Јан, претседателка на Сојузот на пензионерите на Словенија и потпретседателот Станко Кранвогел, како и амбасадорот на Р Словенија во Македонија Грегор Прескер. Исто така присуствуваше и Илија Ристески, претставник од Министерството за спорт и млади. На почетокот на натпреварите претседателката на Сојузот, Станка Трајкова ги поздрави учесниците и гостите. Се обрати и претседателката Зденка Јан поздравувајќи ги присутните изразувајќи задоволство што и таа присуствува на оваа манифестација. Се обрати и амбасадорот Грегор Прескер кој зборуваше за соработката меѓу Северна Македонија и Словенија. На републичките натпревари настапија 328 натпреварувачи, 196 во машка и 132 во женска конкуренција, од 40 здруженија во сите 11 спортски дисциплини. По завршувањето беа прогласени натпреварувачите кои освоија прво, второ и трето место. Пехарот го освои ЗП Охрид и Дебрца кое оствари најдобри резултати во натпреварите со вкупно 100 бода од 13 дисциплини, а го додели претседателката Станка Трајкова. Комисијата за спорт во 2025 година одржа 15 седници.

**III СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ**

Бројот на членови на пензионери здружени во сојузите на кои им се врши задршка за солидарен фонд – посмртна помош и членарина, на крајот на 2025 година изнесува 327 879 членови. Овој број во споредба од 2024 година е зголемен за 4.251 член или за 1,3%.

Најголем број членови се здружени во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија 307 665 членови или 93,8%, додека во трите инвалидски сојузи се здружени 20 214 членови или 6,2%. Во рамките на здруженијата на пензионери, членки на Сојузот, најголем број членови има во здруженијата на пензионери од Битола, Аеродром, Прилеп, Гази Баба, Тетово, Куманово и Кисела Вода. Бројот на корисниците на пензија заедно со воените и земјоделските пензии изнесува 348 795 корисници и е зголемен за 3 001 корисник или за 0,9%, што е помалку во однос на 2024 година кога бројот на нови корисници на пензија изнесуваше 7 980.

Бројот на корисници на инвалидска пензија во последните години постојано се намалува, а тој тренд продолжи и во 2025 кога во споредба со 2024 година е намален за 1 447 корисници. Бројот на минималните пензии и на воените пензии исто така е намален, а и во иднина ќе се намалува со природен одлив, затоа што затекнатите корисници на пензија правото го оствариле според законски прописи кои не се во примена.

**IV АКТИВНОСТИ НА РЕГИСТРИРАНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД - ПОСМРТНА ПОМОШ И ЧЛЕНАРИНА**

Во надлежност на Регистрираната организација за солидарен фонд – посмртна помош и членарина е распределбата, односно дозначување средства по основ на членарина и ажурирање на членството по здруженија на пензионери. Во текот а 2025 година, продолжи да се врши задршка за посмртна помош од 140 денари и исплата на посмртна помош во висина од 35.000 денари. Во 2025 година, издвоените и исплатените средства се даваат во следниот преглед:

| 2025 година | Број на пензионери | Средства на сојузите | Солидарни средства | Исплатени средства |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 323.468 | 9.767.910 | 45.285.520 | 57.050.000 |
| Февруари | 324.030 | 9.803.640 | 45.364.200 | 73.920.000 |
| Март | 324.633 | 9.828.960 | 45.448.620 | 38.540.000 |
| Април | 324.970 | 9.829.350 | 45.495.800 | 34.553.780 |
| Мај | 325.222 | 9.850.860 | 45.531.080 | 58.795.000 |
| Јуни | 325.450 | 9.827.160 | 45.563.000 | 23.565.000 |
| Јули | 325.892 | 9.868.740 | 45.624.880 | 57.615.000 |
| Август | 326.215 | 9.858.060 | 45.670.100 | 36.750.000 |
| Септември | 326.624 | 9.892.020 | 45.727.360 | 38.105.000 |
| Октомври | 327.209 | 9.907.530 | 45.809.260 | 50.295.000 |
| Ноември | 327.749 | 9.923.280 | 45.884.860 | 46.155.000 |
| Декември | 327.879 | 9.900.660 | 45.903.060 | 5.805.000 |
| Вкупно | | 118.258.170 | 547.307.740 | 521.183.780 |

Во 2025 година од корисниците на пензија за солидарен фонд – посмртна помош беа задржани 547.307.740 денари, а беа исплатени 521.183.780 денари за 14 903 починати корисници на пензија. Одборот на Регистрираната организација во 2025 година одржа 4 седници. На последната седница одржана на 18.12.2025 година, врз основа на добиените податоци за акумулираните средства комисијата одлучи од 1 јануари 2026 година посмртната помош да изнесува 40.000 денари, а задршката за посмртна помош да изнесува 150 денари.

**V ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА СОЈУЗОТ**

Финансиското работење на Сојузот во 2025 година се остваруваше во рамките на планираните средства со Финансискиот план и во согласност со предвидените цели и задачи со Програмата за работа на Сојузот за 2025 година. Со средствата остварени од членарината и другите приходи, Сојузот во 2025 година оствари вкупни приходи во износ од 10.407.360 денари. Вкупните остварени приходи во 2025 година во однос на планираните средства со финансискиот план изнесуваат 99,5%, а во однос на приходите остварени во 2024 година се повисоки за 6,6%.

Приходите од членарина се остварени во износ од 9.226.956 денари и се основен извор на финансирање на Сојузот со учество во вкупните приходи од 88,6%. Од другите приходи се остварени 1.180.650 денари или 11,4% од вкупните приходи. Вкупните расходи на Сојузот изнесуваат 9.672.952 денари и во однос на планираните средства се остварени со 92,4%, а во споредба со остварените расходи од 2024 година се повисоки за 6,2%. Позитивниот финансиски резултат во работењето на Сојузот, укажува на фактот дека рационално се трошени средствата за остварување на целите и задачите, предвидени со Програмата за работа на Сојузот за 2025 година и се движеле во рамките на Финансискиот план за 2025 година.

**VI МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ - ЧЛЕНКИ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА**

**1. Согласно со Правилникот за учество во обезбедување финансиски средства на здруженијата на пензионери**, Сојузот учествува во обезбедување финансиски средства на здруженијата на пензионери кои се домаќини на регионалните ревии на песни, музика и игри и домаќини на спортските натпревари. За оваа намена во 2025 година Сојузот додели 40.000 денари на секое здружение или вкупно 560.000 денари. На ЗП Крива Паланка и ЗП Куманово се доделени по 20.000 денари за учество на фестивалот „Трета животна доба“ во Љубљана, а на ЗП ОВР – Скопје се доделени 15.000 денари како кодомаќин за организирање на републичките спортски игри.

**2. За поддршка на помалите здруженија за изградба или адаптација на клубови** на пензионери, односно реновирање на работни простории беа доделени средства во износ од по 40.000 денари и тоа на ЗП Кратово, ЗП Ново Село, ЗП Демир Капија, ЗП Злетово и ЗП Лозово. На секое здружение кое организираше масовни пензионерски средби, Сојузот им додели по 15.000 денари.

**3. Правилник за финансиска поддршка за поттикнување на издавачка дејност**

Од пристигнатите дела на конкурсот, повремената комисија за информирање и издаваштво даде поддршка на 17 дела и тоа: Мерита Абази, роман, 25.000 денари, Јосиф Џочков, раскази, 15.000 денари, Драган Стојановски, роман во стихови, 15.000 денари, Васил Дрвошанов, публицистика, 20.000 денари, Благојка Филипчева, изложба, 10.000 денари, Славка Крстевска, изложба, 10.000 денари, Чедомир Шопкиќ, поезија, 10.000 денари, Светлана Жајгар, поезија, 10.000 денари, Милка Минкова, роман, 20.000 денари, Киро Донев, роман, 20.000 денари, Тодорка Андова, поезија, 10.000 денари, Мендо Димовски, Стихозбирка, 15.000 денари, Јован Мазгански, поезија, 10.000 денари, Диме Ристов, роман, 20.000 денари, Христо Петрески, новели, 15.000 денари, Љиљана Тричковиќ, драма, 10.000 денари и Славица Јанева, поезија, 15.000 денари или вкупно 250.000 денари.

**VII ИНФОРМИРАЊЕ**

СЗПМ на информирањето му посветува големо внимание како една од битните програмски активности. Во 2025 година преку информирањето главно се афирмираа резултатите и постигањата на Сојузот и на здруженијата на пензионери негови членки, но посебен акцент беше дадено на објавувањето точни информации и на тоа како пензионерите да се заштитат од лажни вести и дезинформации. Во 2025 година беа одбележани сите поголеми и позначајни активности, иницијативи и проекти на Сојузот и на 53–те здруженија, членки на СЗПМ, главно преку весникот „Пензионер плус“, но и преку весникот „КОХА“, веб–страницата на СЗПМ и емисијата на МТВ1 „Трета доба“. Со Одлука на Извршниот одбор осовременета е веб–страницата со нови можности кои на членовите на ИО им беа прикажани со видеопрезентација. 2025 година беше прогласена за година на еколошки активности на пензионерите. Ова беше покриено со флаер и постер. Сојузот учествуваше и во проектот “The Age-Friendly Balkan Countries Network“ за животот на старите луѓе во Скопје заедно со Универзитетот „Мајка Тереза“ и факултет од Холандија, а средствата беа добиени од ЕУ. Во проектот учествуваа скопските здруженија. Весникот „Пензионер плус“ излегуваше во тираж од 5 500 примероци. Во 2025 година излезе и 200–тиот број на весникот што е нешто со што Сојузот може да биде горд. Информирањето на пензионерите и на јавноста во земјата, но и надвор од границите на Република Македонија, беше и преку Веб–страница на СЗПМ. На веб–страницата се поместени и 45 потстраници за 45 здруженија, а беа објавувани и видеозаписи. Во 2025 година редовно работеше линијата „Ало пензионерски прашања“, а се одржа и една работилница на дописниците на која гостуваше Лејла Шабан од ИКС. Исто така, пред претседателите од скопските здруженија имаше видеопрезентација и невладината организација БЕРН која е фокусирана на заштита на старите луѓе од измами и дезинформации.

**VIII РАБОТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА СОЈУЗОТ**

**1. Седници на Собранието на Сојузот**

Собранието на Сојузот во 2025 година одржа 3 седници. На 8 април 2025 година се одржа петтата седница на Собранието на која се разгледаа Годишниот извештај за работата на Сојузот во 2024 година, Финансискиот извештај на Сојузот за 2024 година со извештај на Надзорниот одбор, Одлука за усвојување на годишната сметка за 2024 година и извештај на независен ревизор за 2024 година и Годишен извештај за финансиско–сметководно работење во 2025 година на Надзорниот одбор на Сојузот. На 25.7.2025 година се одржа 6. седница на Собранието на Сојузот на која за претседател на Собранието на Сојузот беше избран Добре Иванов и беше разгледана информацијата за состојбите и функционирањето на старските и пензионерските домови и социјалните сервиси. На 24.12.2025 година, Собранието на Сојузот ја одржа шестата седница. На 7. седница беше донесена Програмата за работа на Сојузот за 2026 година, Финансискиот план за 2026 и Одлука за прогласување на 2026 година за јубилејна година по повод 80 години пензионерско организирање во нашата земја.

**2. Седници на Извршниот одбор на Сојузот**

Извршниот одбор на Сојузот во 2025 година одржа 11 седници.

На 18 мај 2025 година, согласно со Меморандумот за соработка помеѓу СЗПМ и Сојузот на пензионери на Србија во Охрид се одржа заедничка средба на нивните извршни одбори. На седницата имаше два дела: работен дел и дел во кој гостите беа запознаени со културните обележја на Охрид. Во првиот дел се расправаше за актуелните активности, организационата поставеност и традиционалните активности, за заштита на стекнатите права, здравственото осигурување и здравствената заштита, редовна исплата и усогласување на пензиите и друго.

На 20 ноември 2025 година, Извршниот одбор на Сојузот ја одржа 29–тата седница. И оваа седница имаше два дела. На првиот дел присуствуваше директорот на Фондот на ПИОСМ, Никола Мемов кој информираше за склучениот меморандум со Комората на извршители и други актуелни прашања, а имаше и презентација на осовремената и обновена веб–страница на СЗПМ. Во Вториот дел се разгледуваа и усвоија Финансискиот извештај на Сојузот за периодот јануари–септември 2025 година.

**3. Седници на Надзорен одбор**

Надзорниот одбор на Сојузот во 2025 година одржа 4 седници на кои беа разгледани, оценети и одобрени сите важни документи.

**4. Седници на Правно-економскиот форум**

Правно–економскиот форум во 2025 година одржа 4 седници. На 22.5.2025 година Форумот ја одржа 10. седница на која се разгледуваа предлози и мислења за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации. Форумот заклучи да се изврши измена на одредени членови од Законот или да се предвиди посебна глава во Законот во кој подетално ќе се уредат спецификите на пензионерското организирање. На 7.8.2025 година Форумот ја одржа 11 седница на која се разгледуваше Законот за изменување и дополнување на Законот за ПИОМ. По расправата се донесоа заклучоци. На 11.11.2025 година, се одржа 12. седница на Форумот. На ова седница се разгледуваа предлозите за изменување и дополнување на ЗЗФ и барањето до Централниот регистар за спречување регистрација на паралелни здруженија. По оваа точка форумот заклучи да се достави писмено барање до Министерството за правда со дадени предлози кои треба да ги содржи новиот закон кој е во постапка на јавна расправа.

**IX АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИ**

Во 2025 година активностите на здруженијата на пензионери – членки на Сојузот главно беа насочени во реализација на активностите за учество на регионалните ревии на песни, музика и игри, спортски натпревари, учество во хуманитарни активности, реновирање на работни простории, клубови на пензионери и пензионерски соби, и помагање во снабдување со огревно дрво. Здруженијата на пензионери во 2025 година беа и домаќини на работни средби на Сојузот со здруженија на пензионери на кои се расправаше за прашања од интерес на здруженијата на пензионери и на Сојузот.

**Работни средби:** Со Програмата за работа на СЗПМ за 2025 година е предвидено да се одржат работни средби со здруженија на пензионерите – членки на Сојузот. На 30.10.02025 година се одржа првата работна средба во Дојран со здруженијата на пензионери (Велес, Неготино, Кавадарци, Демир Капија, Валандово, Гевгелија, Богданци, Струмица, Ново Село и Дојран). Втората работна средба се одржа во Штип со здруженијата на пензионери (Штип, Кочани, Делчево, Виница, Свети Николе, Лозово, Македонска Каменица, Радовиш, Пехчево, Куманово и Берово). Третата работна средба се одржа во Битола со здруженијата на пензионери од (Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар, Македонски Брод, Кичево, Дебар, Струга, Охрид и Дебрца и Лабуништа). Четвртата средба се одржа во Скопје, а на неа учествуваа здруженијата на пензионери од скопските општини и Тетово. Врз основа на дискусиите беа донесени заклучоци.

**X МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА СОЈУЗОТ**

**1. Сојузот на 18 мај 2025 година имаше заедничка средба со Сојузот на пензионери на Р Србија.** На средбата беше презентирано работењето на СЗПМ и на Сојузот на пензионери на Република Србија. 2. **Сојузот имаше и соработка со Р Словенија.** Претставници од Сојузот и здруженијата на пензионери учествуваа на тема меѓугенерациска соработка во Љубљана, што значи меѓународна поврзаност меѓу старите и младите генерации. На оваа средба се донесе заклучок дека **не може да се одлучува за нас без нас.** Според извештаите на Европската Унија е оценето дека треба да се обрне поголемо значење на граѓанските организации. 3. **На 9 септември 2025 година**, на Републичките спортски натпревари присуствуваа амбасадорот на Словенија во Македонија Н.Е. Грегор Прескер и претседателката и потпретседателот на Сојузот на пензионери на Словенија.

**КОНСТАТАЦИИ И ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Активностите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во 2025 година се остваруваа согласно со Програмата за работа за 2025 година и во рамките предвидени со Финансискиот план за 2025 година.

2. Финансиското работење на Сојузот со статус од јавен интерес, во 2025 година, беше предмет на разгледување покрај од Надзорниот одбор на Сојузот и од независна ревизорска куќа. Независниот ревизор даде позитивно мислење за работењето на Сојузот со што се потврди примена на позитивните законски прописи.

3. Сојузот оствари богата соработка и на меѓународен план, со Сојузот на пензионери од Република Србија одржа заедничка средба на извршните одбори на двата сојуза, наша делегација учествуваше во Словенија на меѓугенерациска соработка, а на Републичките спортски натпревари учествуваше делегација од Словенија.

4. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ја следеше исплатата на посмртната помош и како резултат на подобрувањето на состојбите со акумулираните средства за исплата на посмртна помош, донесе одлука за зголемување на задршката за исплата на посмртна помош од 140 на 150 денари и донесе одлука за зголемување на износот на посмртната помош од 35.000 на 40.000 денари, со важност од 1 јануари 2026 година.

5.Сојузот одржа работни средби во 4 региони, каде што беа опфатени сите здруженија на пензионери на кои се разгледуваа прашања околу работењето на здруженијата и Сојузот. На овие состаноци се донесоа заеднички заклучоци околу натамошното работење.

Скопје, март 2026 година

ЗП БЕРОВО

# Отчетно Собрание

ЗП Берово согласно со Статутот на здружението, одржа отчетна седница. Разгледан беше извештајот за работата на Извршниот одбор и неговите органи и тела во 2025 година, кој како оперативно тело со единствена цел за реализирање на програмата за работа. ИО во известјтајниот период одржал три седници кое зборува за транспарентност и колективност во одлучувањето. На



одржаните состаноци на ИО се решени и регулирани покрај тековните и наметнати проблеми со кое е овозможено поуспешно функционирање на здружението. Откажани беа регионалните пензионерски спортски игри во Кочани заради трагедијата во дискотеката „Пулс". Носители на културно–забавниот живот во ЗП се оркестарот и хорот скоро 25 години. Хорот и оркестарот зедоа учество на божиќната прослава. При посетата на членови од пензионерскиот клуб „Неврокоп" од Гоце Делчев, Р Бугарија е склучен договор за меѓусебна соработка и пријателски врски. Хорот и оркестарот при здружението настапија на „Вечер на осоговски песни" во Крива Паланка и на меѓународниот фестивал на шлагерска песна „Пеј срце во Кустендил", Р Бугарија каде што ја освоија големата Гран–при награда. Настапија и на Меѓународниот фестивал „Малешево пее и танцува". Хорот и оркестарот беа во посета на ОЈУСЗСЛ „Иван Влашки" и имаа настап пред жителите на домот за стари лица. Хорот зеде учество на фестивалот на хорови и пејачки групи на Ансамблот на народни песни „Вања Лазарева" Скопје. Здружението организираше и повеќе екскурзии со учество на „Бабино блакце", „Зелникот на баба", отворањето на туристичката сезона во Стар Дојран, посета на Лозово на верскиот празник Петковден, посета на Лесновскиот манастир на празникот Мала Богородица, посета на фестивалот за дувачки оркестри во Пехчево и посетата на с. Микрево, Р Бугарија.

На солидно ниво е соработката со градоначалникот Петар Руженски. Во извештајот посебно е истакната соработката со СЗПМ и Фондот за ПИОМ и Фондот за здравственото осигурување. Беше разгледана и завршната сметка на ЗП Берово и истата беше усвоена. Разгледан беше и извештајот на Надзорниот одбор кој констатирал дека завршната сметка е изготвена според законската регулатива. Беше разгледана и усвоена Програмата за работа во 2026 година и активностите ќе бидат насочени кон редовно следење на состојбата со жиро–сметката за редовно работење, на отворање нови клубови во село Русиново и Владимирово, соработка со локалната самоуправа, стручните служби на ПИОМ и Фондот за здравственото осигурување, со Црвениот крст и организирање екскурзии. Исто така се планира поставување фотоволтаици, поставување лифт со донации и промена на столаријата во домот и реконструкција на покривот на домот, зацврстување на соработката со пензионерите од Микрево и Гоце Делчев, Р Бугарија. Програмата е менлива и по потреба ќе се надополнува и менува. Беше разгледан и усвоен Предлог–финансискиот план за 2026 година.

**А. Кацарски**

ЗП КОЧАНИ

# Остварени обврски кои охрабруваат и обврзуваат

На 30 април годинава, се одржа четвртото Собрание на ЗП Кочани, во чии рамки дејствуваат и пензионерите од општините Чешиново–Облешево и од Зрновци. Во



отсуство на претседателот на Собранието, Ѓорги Серафимов, седницата ја водеше највозрасниот пензионер–делегат, Здравко Салтиров.

Во работниот дел од Собранието, на дневен ред беа извештаите за работењето на здружението во текот на изминатиот едногодишен период, како и програмата за работа во тековната 2026 година вклучително и други значајни документи. Без забелешки беа усвоени извештаи за реализираните активности во изминатата година, кои беа сведени на минимум, поради трагедијата во „Пулс", и за финансиското работење, во рамките на кои е искажано позитивно салдо, како резултат на домаќинското работење.

По завршувањето на седница на Собранието, претседателката Јелица Зафирова изјави:

– Можам да кажам дека седницата на Собранието помина во најдобар ред, со комплетни извештаи за работењето, кои им овозможија целосен увид на делегатите, за да донесат целосни и издржани одлуки. Значајно е што никој немаше забелешки по предложените документи, како резултат на што истите беа едногласно усвоени. И програмските содржини за тековната година добија безрезервна поддршка, што нѐ обврзува да ги реализираме одговорно и во духот на домаќинското работење.

Инаку, годинава здружението ќе ги преземе сите потребни мерки и активности, конечно да се реализира изградбата на домот за стари лица, да се санираат оштетувањата и недостатоците на објектите и просториите во кои е сместено здружението и други зафати неопходни за нормално функционирање. Во делот на програмските активности, по пауза од една година, поради трагедијата во дискотеката „Пулс", ЗП Кочани годинава активно ќе се вклучи во сите регионални и државни културно–спортски манифестации, како и во овозможување поповолни услови при организирани екскурзии, бањски лекувања и други потреби на пензионерите, првенствено со помали примања.

**Л. Димитров**

ЗП РАДОВИШ И КОНЧЕ

# Екскурзија за паметење

На 15 април, педесетина пензионери од ЗП Радовиш и Конче заминаа на тридневна екскурзија во Белград, Република Србија. Со пристигнувањето по програмата прва дестинација за посетување беше црквата Св. Сава.



Потоа се посети Дедиње, каде што во Куќата на цвеќето пензионерите се поклонија на гробот на Јосип Броз Тито. Не изостана ни посетата на Меморијалниот музеј. По сместувањето во хотелот и краткиот одмор се посети Калемегдан, од каде што се гледа влевањето на Сава во Дунав. Пензионерите прошетаа и по култните улици Кнез Михајлова, Теразија, Плоштадот на Републиката и др.

Вториот ден започна со посета на манастирот Крушедол на Фрушка Гора. Тој е еден од 15–те манастири кои се наоѓаат на оваа планина. Се посети и Сремски Карловци при што пензионерите беа запознаени со неговите културни и историски знаменитости.

Во Нови Сад отидоа да ја видат Петроварадинската тврдина изградена во 18 век од страна на Хазбуршката монархија. Од горниот дел на тврдината се открива прекрасна глетка на Нови Сад и Дунав. Пензионерите се запознаа со одредени културни и историски знаменитости кои му даваат значаен белег на градот. Се посети и музејот на Војводина.

Третиот ден беше исполнет со многубројни посети, меѓу кои и Авала, каде што од високата телевизиска куќа се уживаше во прекрасните глетки на околината. Не изостана да оддадат почит и на незнајниот јунак.

Следна дестинација беше Крагуевац, гордоста на Шумадија и Меморијалниот парк, каде што во чест на жртвите од 1941 година е изграден и Меморијалниот музеј „21 Октомври".

Потоа со песна и добро расположение се продолжи за Македонија. Пензионерите се враќаа дома со големи импресии од тоа што го посетија и што го видоа со заеднички заклучок: Ова беше екскурзија за паметење.

**Мите Сарбаков**

ЗП КУМАНОВО

# Четврти меѓународен фестивал на фолклор

Во чест на 8–деценискиот јубилеј од постоењето на пензионерското организирање, на 7 мај 2026 година во НУЦК „Трајко Прокопиев" во организација на ЗП Куманово, се одржа традиционалната Меѓународна фолклорна манифестација. На настанот, присуствуваа претставници од СЗПМ, од локалната самоуправа и гости од повеќе здруженија на пензионери од државата и од соседна Србија.



Поздравна реч до сите, упати претседателот на кумановското пензионерско здружение Ристо Бошков, кој нагласи дека за 80 години од дејствувањето ова Здружение бележи секогаш успешни постигнувања. За организираните настани низ богатата историја, сведочат многуте признанија и награди, кои се доказ дека и во третата доба се работи посветено, со елан и ентузијазам. Со порака дека јубилеите се слават со музика и игра, но и со насмевка, претседателот Бошков најави дека до крајот на годинава ќе има уште културни манифестации, со што ќе се заокружат активностите за одбележување на значајниот јубилеј. Претседателката на Советот на Општина Куманово, Ивана Ѓорѓиевска се обрати пред присутните и истакнувајќи ја улогата на пензионерите во општествениот систем им се заблагодари за нивниот придонес во градењето на државата и подвлече дека пензионерската мудрост, знаење, емоција и искуство се главните чинители за градење на нашата заедница која треба да им биде пренесена на идните генерации. Фестивалот за отворен го прогласи претседателот на Собранието на СЗПМ, Добре Иванов, кој рече дека Сојузот како граѓанска организација има значајна улога во пензионерското организирање. Тој ги обединува и застапува сите пензионери, а соработката со здруженијата и понатаму ќе се продлабочува со заеднички проекти, манифестации, средби. „Посебна чест и задоволство ми е, – нагласи Иванов, – што овие јубилејни моменти ги споделувам со кумановските пензионери, и со гостите од државата и од Србија, на кои им посакувам долг живот и добро здравје".

Манифестацијата започна со најмладите учесници од трето одделение при СОУ „Браќа Миладиновци" предводени од менторот Маја Поп Арсова. Тие со рецитатот „Со љубов кон баба и дедо" успеаја да измамат солзи радосници и силни аплаузи, потсетувајќи дека врската меѓу младите и највозрасните е најскапоцениот мост на едно општество. Стиховите кои одекнаа беа полни со детска топлина, а насмевките на лицата на бабите и дедовците беа најголема награда за тоа како се учат најмладите на почит кон корените.

Програмата ја збогатија и најмалите фолклористи од ДМА „Срма" од Куманово, кои се претставија со песни и игри од кумановски крај. Во продолжение следеа настапи на повеќе ансамбли од здруженија на пензионери од државата и од Србија, со кои ЗПК има плодна соработка. На сите учесници им беа врачени благодарници за учество.

**Ј. Тодоровска**

ЗП ПРИЛЕП

# Дружење на околу 500 пензионери во манастирот Свети Илија во месноста Писокал



Петстотини пензионери со седумдесетина гости од третата доба од Скопје викендот го искористија да се дружат во дворот на манастирот Свети Илија во месноста Писокал – Мариово и да се запознаат со природната убавина на овој дел од Македонија, каде што сега за жал наместо блеењето на јагнињата, мукањето на кравите, жагорот на децата од 16 некогашни населени села од Прилепскиот дел на Мариово, можеше да се „чуе" само тишината.

Пензионерите ги поздрави и им посака многу здравје, уште многу, многу вакви дружења, не само во Прилеп, ами и на други места во Македонија и надвор од неа, претседателот на ЗП Прилеп Славко Трајкоски.

– Еве ние, годинешниов традиционален пролетен пикник го темпиравме да го одржиме токму на овој ден кој по многу нешта е значаен, а и да придонесеме да зачистиме во дворот и надвор од него од ова навистина убаво и дарувано од природата со чист воздух и цвркот на птиците место. Ние секоја година програмирано одржуваме по два пикника, со неколку стотина пензионери, а годинава покрај инвалидските пензионери од нашиот град ни се придружија и гостите од ЗИП „Кисела Вода" од Скопје. Убаво е да се дружиме, да живееме со насмеани лица, со игра и се разбира со песна и оро. Ние поворасните треба да им служиме за пример на помладите генерации, оти се знае немаме уште многу од нашиот живот. Да сме здрави и живи и ние и на сите пензионери нивните семејства, да се гледаме и да разменуваме мислења уште на многу вакви и други средби, – рече Трајкоски и ја најави другата ваква пикник–средба со повеќе од илјада пензионери за Денот на пензионерите – 20 септември во Пашино Рувци–Кривоаштани.

– Јас ја замислувам таа, идна наша заедничка средба како регионална со присуство на многу пензионери, не само од овој дел на Македонија, ами и пошироко, – додаде Трајкоски.

На крај на средбата како и што бидува се разви големо, широко, убаво и весело оро, на кое се фатија да играат и многуте добри игроорци, а и дел од гостите од Скопје.

Овде, на овој ден, Спогодба за понатамошна добра соработка и дружење потпиша претседателите на ЗИП Прилеп, Кирил Ристески и Миле Коловски, претседател на ЗИП Кисела Вода од Скопје.

**К. Р.**

ЗП СОЛИДАРНОСТ - АЕРОДРОМ

# Одбележано 17-годишно постоење

Со пригодна свеченост ЗП Солидарност – Аеродром го прослави своето седумнаесетгодишно постоење. Овој значаен датум е потсетник на скромните почетоци и ентузијазмот со кој се создаде ова здружение. Здружението успешно опстанува, се развива и создава нови вредности. Во оваа прилика им се оддаде



благодарност на членовите, активистите и на сите оние кои придонеле за развој на здружението. На свеченоста се презентираа постигнатите успеси, новите активности, како и обновување и зајакнување на заедништвото и пријателството со други здруженија. Беа поканети и претставници од СЗПМ, градоначалникот на Општина Аеродром, збратимени здруженија, членови на ИО и на Собранието и од органи и тела на здружението. Најпрво се интонираше химната на РСМ, а потоа и свечената песна на здружението во изведба на пејачката група.

Претседателот на ЗП и претседател на ИО, Никола Маркоски ги поздрави присутните гости, се заблагодари на присуството и им посака убаво дружење. Тој во своето излагање истакна дека ЗП Солидарност – Аеродром во изминатите години градеше мостови меѓу пензионерите, негуваше традиции и овозможуваше искуството и мудроста да бидат водилки кон нови идеи и успеси. Тој додаде дека здружението има реализирано многубројни активности, хуманитарни акции и културни настани.

Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова го истакна задоволството за присуството на оваа свеченост во нашето здружение, кое со својата работа и посветеност претставува пример за успешност. Градоначалникот на Општина Аеродром Дејан Митески спомена дека во општината ЗП Солидарност – Аеродром е успешно здружение кое и понатаму ќе го поддржуваат во создавање услови за развој на идните активности.

Беа доделени благодарници и признанија за најактивните членови на здружението и на пензионери кои придонеле за негов развој. Активот Љубители на книгата и претседателот Јован Мазгански дадоа свој придонес кон оваа свеченост во читање поезија од неколку поети и изведба на монолог од пензионерка. Тие истовремено го одбележаа и нивното годишно постоење, кое се совпаѓа со свеченото одбележување на роденденот на здружението. Придонес на свеченоста даде и игроорната група, која со својата енергија и љубов кон традицијата внесе посебна убавина.

М. Мишковска

ЗП ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# Достојно одбележан Денот на победата - 9 мај

Здружението на пензионери Ѓорче Петров на достоинствен начин го одбележа 9 мај Денот на победата. На 8 мај 2026 година, во реонскиот



парк во Ѓорче Петров, делегација од раководството на Здружението пред споменикот на паднатите борци положија свежо цвеќе. На 9 мај 2026 година исто така делегација од пензионерите положија букет свежи цвеќиња на споменикот пред Владата на Р Македонија. ЗП Ѓорче Петров во соработка со Општината редовно учествува во полагање на цвеќе на сите значајни празници пред спомениците и спомен–обележјата на територијата на општината.

ЗП Ѓорче Петров зеде активно учество во собирање на конзервирана храна врз основа на добрата соработка со општинската организација на Црвениот крст Карпош и Црвениот крст на Град Скопје. Во акцијата учествуваа сите седум ограноци и тоа: Ѓорче Петров, Хром, Мирче Ацев, Дексион, Даме Груев, Кисела Јабука – Стопански двор и Волково.



За неколку дена ограноците собраа повеќе од 100 килограми конзервирани прехрамбени производи. Артиклите беа предадени во општинската организација Карпош, од каде што по нивното селектирање, ќе биде донирана на социјално загрозени семејства.

Љ. Ристов

ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЕНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# Меѓународна културна соработка

Во Годишната програма за работа на Здружението на воените пензионери конкретно во програмата на КЗД, меѓу другото предвидени се активности за соработка на меѓународно ниво.

Фолклорната група на ЗВП континуирано настојува да оствари и меѓународни контакти со пензионерски здруженија и други КУД.



Како резултат на тие контакти остваривме соработка со хорот „Абрашевиќ 2014“ од Врњачка Бања, и добивме покана да учествуваме на Фестивалот организиран по повод 80 години од постоењето на КУД „Абрашевиќ 2014“, Врњачка Бања.

Фестивалот беше организиран во три концертни етапи – фестивалски денови од 17 до 19 април 2026 година.

Првиот фестивалски ден–концерт, наречен „Велигденски концерт“ беше посветен на велигденските обичаи на кој се промовираа хорови од Република Србија кои исполнија дела со духовен карактер.

Вториот фестивалски ден–концерт, беше со слободна тематика на кој се промовираа вокални и вокално–инструментални ансамбли од Р Србија и РС Македонија, кои изведоа композиции од различни стилови и жанрови.

Третиот фестивалски ден–концерт беше насловен „Ден на детските радости“ на кој настапија најмладите љубители на музичката култура и традиција.

Фолклорната група на ЗВП придружувана со инструментален состав, учествуваше на вториот концертно–фестивалски ден и се претстави со богата полчасовна програма исполнета со песни и игри на вокално–инструментален сплет од народни македонски и српски песни проследени со кореографија и соло–изведби на народни песни со вокална придружба, интегрирани со поезија.

Нашето задоволство беше неизмерно бидејќи бевме наградени со позитивна реакција на публиката со долги френетични аплаузи и извици за бис кои одекнуваа во салата.

Голема благодарност на домаќините – хорот „Абрашевиќ 2014“ – Врњачка Бања, што бевме дел од нивниот фестивал и на нивното гостопримство, посебно на диригентката Катарина Бајиќ и диригентот Милутин Предолч, лицето за контакт – битолчанката Славица Пајиќ како и на почитуваната Смиљана Поповиќ.

Среќни сме што имавме можност и чест да ги запознаеме нашите пријатели од хорот Увертира од Краљево и од прекрасниот хор Неума од Сопот, со диригентката Татјана Ристиќ и секако домаќините КУД „Абрашевиќ 2014“ од Врњачка Бања.

Во иднина, континуирано и согласно со можностите, нашата соработка ќе продолжи со учество на вакви и слични манифестации и настани со цел културно–уметничка размена, дружба и воспоставување нови пријателства.

Славјанка Димова

ЗП ДЕМИР ХИСАР

# Екскурзија во Воден и Лутраки

Група пензионери од ЗП Демир Хисар реализираше еднодневна екскурзија во Воден и Лутраки, најпознатите туристички дестинации во северниот дел на Грција. Патувањето беше организирано со цел дружење, рекреација и запознавање со природните убавини и културното наследство на регионот. Првата станица беше градот Воден, познат по своите импресивни водопади кои оставаат силен впечаток кај секој посетител. Учесниците имаа можност да прошетаат низ уредените патеки, да уживаат во свежиот воздух и да направат фотографии покрај водопадите, кои се вистински природен бисер. Дел од групата го посети и централното градско подрачје, каде што се запознаа со локалната архитектура и традиција. Потоа следеше посетата на Лутраки, познато по своите термални бањи и релаксирачка атмосфера. Пензионерите уживаа во мирната околина, а некои од нив ја искористија можноста за краток одмор и освежување во бањските комплекси. Оваа дестинација беше особено прифатена поради здравствени и рекреативни придобивки.



Екскурзијата помина во одлична атмосфера, исполнета со смеа, разговори и нови пријателства. Учесниците изразија големо задоволство од организацијата и содржината на патувањето, нагласувајќи дека ваквите активности се од големо значење за нивната социјализација и квалитет на живот.

Претседателот на здружението Блажевски, најави дека и во иднина ќе се продолжи со слични екскурзии во земјата и регионот, со цел да им се овозможи на пензионерите активен и исполнет живот, како и нови доживувања и спомени.

З. Стевановски

ЗП ОВР НА РМ

# Традиционална дружба со пензионираните полицајци од Белград



На 8, 9 и 10 мај 2026 година ЗП ОВР на РМ одржаа традиционална средба со пензионерите од ЗП СМУП од Белград, на одморалиштето на МВР во Крани, каде што на брегот на Преспанското Езеро се одржаа спортски натпревари, прошетки и забава.

Пензионерите од Белград го посетија Гостивар, од кого имаа убави спомени од претходната посета во 2024 година. Во убаво расположени домаќините заедно со гостите ја посетија Битола, каде што при самото пристигнување беа пречекани од улични музичари и со песна и оро Битола им посака топло добредојде и прошетаа низ градот.

По враќањето во кампот Крани се прошетаа покрај Преспанското Езеро. Пензионерите уживаа во убавата природа и воздушна бања со чист воздух кој доаѓа од Пелистер и од Галичица. Вечерта имаше дружење со доделување дипломи на победниците во спортот и забава со музика. Утредента го посетија Крушево и Мечкин Камен, каде што се запознаа со херојскиот подвиг на четата на војводата Питу Гули. На местото каде што полетуваат параглајдеристите на Мечкин Камен сретнаа гости од повеќе земји и домашни посетители и уживаа во тие мигови кога двајца од нив полетаа со параглајдерите во правец на Пелагонија. Беше посетен гробот и музејот на Тоше Проески каде што му оддадоа почит на овој голем уметник. По враќањето во Скопје, прошетаа и уживаа кај Градски трговски центар, на плоштадот и во Старата скопска чаршија. Задоволни од пречекот, гостите од Белград на заминување ги поканија пензионерите од ОВР на РМ да им ја возвратат посетата.

Зора Талеска-Арсовска

ЗП СТРУГА

# Екскурзија со повод, одбележување 80 години пензионерско организирање

80 пензионери од ЗП Струга, на 24 април 2026 година, по иницијатива на новоизбраниот претседател на Извршниот одбор и на Здружението Минир Мамуди, се изведе еднодневна екскурзија во соседна Албанија и се посетија три градови.

Првата дестинација беше влашкиот град „Москопоље“ каде што беа посетени голем број цркви и манастири меѓу нив и најстарата црква Св. Јован Крстител од 14 век.



Вториот град што го посетија беше Корча, каде што по личен избор направија посета на големата новоизградена црква на плоштадот, која е посветена на Христос – Велигден. Исто така беше посетен музејот на албанската писменост, каде што се запознаа со почетоците на писменоста во Албанија. Го прошетаа градот, а исто така и пазарот, каде што многумина купија по нешто за спомен и задоволни од виденото се упатија на посета на третиот град Поградец, на кафе–пауза и по едно слатко „трилеќе“. Потоа се упатија кон комплексот „Лихнидас“ каде што имаа заеднички ручек и дружење. Во последните часови од денот заминаа кон граничниот премин „Ќафасан“ а потоа продолжија кон Струга, каде што беше затворен кругот на патување.

Стојан Кукунешоски

# Акција „Генералка викенд“

Како и минатата година и оваа поголем број здруженија на пензионери, членки на Сојузот, се вклучија во најголемата национална, волонтерска еколошка акција, „Генералка викенд“ во чии рамки учествуваа граѓани од 80 општини кои чистеа паркови, улици, и други простори во сите општини.

**ЗП Битола**, заедно со пензионерите инвалиди масовно се вклучија во акцијата „Генералка викенд“ која се реализира шеста година по ред. Генералка се направи во заедничките простори во здружението, дворното место, во улицата пред здружението. Со оваа активност ЗП Битола ја започна годината посветена на „Грижата за унапредување чиста животна средина“ една од планираните активности во Програмата за 2026 година и една од главните цели на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Веднаш по известувањето од претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, упатено до претседателите на здруженијата на пензионерите, за вклучување на членовите во акцијата „Генералка викенд“, кавадаречките пензионери имаа активности на повеќе локации во градот. Ваквите акции се практикуваат посебно при одбележување на разни настани од интерес на граѓаните на **Кавадарци**. „Генералка викенд“ се одвиваше по повод одбележувањето на 9 мај, денот на победата над фашизмот. Кавадаречките пензионери со самото учество докажаа дека се љубители на чистата животна средина, со цел да бидат пример за младите генерации како идни чувари на природата. Акцијата беше под надзор на Ангел Козаринов, претседател на Комисијата за културно–забавен живот при ЗП Кавадарци.

На 8 мај 2026 година пензионерите од ЗП **Македонски Брод** се вклучија во акцијата „Генералка викенд“. Според општинскиот план тие беа определени акцијата да биде спроведена во дворот и околината на културно–историскиот споменик познат под името „Турбе“ или црква „Св. Никола“. Таа беше успешно изведена и позитивно поздравена од месното население. На крајот пензионерите упатија апел дека вакви акции треба да има почесто и да бидат пример како да имаме чиста и здрава животна средина.

На 9 мај **прилепските** пензионери овој ден го одбележаа на свој посебен и единствен, пензионерски начин. Повеќе од 500 пензионери од здружението заедно со пензионери од здруженијата на инвалидските пензионери од Прилеп и од Кисела Вода од Скопје, „Генералка викенд“ во вистинска смисла на зборот ја претворија во дружење, чистење и потоа пикник со заедничко големо оро. На овој ден, се чистеше и надвор од дворот на манастирот Св. Илија и на видиковецот кај месноста Писокал на патот за Мариово, каде што имаше и повеќе за пензионерите–чистачи, работа.

Во рамките на еко–акцијата „Генералка викенд“ се вклучија и пензионерите од ЗП **Гази Баба** кои беа дел од оваа иницијатива чистејќи ја околината околу пензионерскиот дом во Автокоманда.

На 9 мај оваа година и ЗП **Струга** активно се вклучи во најголемата национална еколошка акција во Македонија „Генералка викенд“. Акцијата за уредување и чистење на јавни површини се реализира во паркот пред зградата на Здружението и во околината на самиот објект, каде што пензионерите преку заедничка работа придонесоа за почиста и поуредна животна средина. Покрај чистењето на просторот и грижата за природата, беа засадени и цвеќиња. Претседателот Минир Мамуди истакна дека со ваквите активности се испраќа силна порака за важноста на еколошката свест, грижата за заедницата и за создавањето похумана и поздрава животна средина.

Во **Вевчани** исто така се одржа националната еколошка акција „Генералка викенд“, во која Општина Вевчани традиционално учествува со повеќе активност. Како што информира претседателот на здружението Витомир Костојчиноски во акцијата се чистеа повеќе локации, меѓу кои и околината на објектот каде што е сместено здружението. „Да го чуваме чисто, зелено и убаво за сите генерации“, порача Витомир Костојчиноски.

**ЗП Лабуништа**, не изостана од другите здруженија и тоа се вклучи во републичката акција „Генералка викенд“, каде што ИО заедно со раководството на здружението, направија генералка на своите простори на здружението, а другите пензионери се приклучија кон комуналното претпријатие „Хигиена“ од Лабуништа за чистење на дворот и другите јавни површини.

Исто така и во **Македонска Каменица** се реализираше акцијата „Генералка викенд“ во која активно се вклучија и пензионерите.

Како и другите здруженија и ЗП **Ѓорче Петров** масовно се вклучи во акцијата „Генералка викенд“ којашто се спроведе во деновите 9 и 10 мај, во која учествуваа сите ограноци. Тие во своите населени места ги собираа отпадоците од дрва и друг вид отпаден материјал. Собраниот шут со возило на Општината Ѓорче Петров беше депониран на соодветни места.

И пензионерите од ЗП **Валандово** зедоа активно учество во акцијата „Генералка викенд“ и со својата ангажираност и одговорност дадоа свој придонес за почиста и поуредна околина, со која покажаа дека грижата за животната средина е обврска на сите генерации.

И пензионерите од ЗП **Крива Паланка** исто така не ја пропуштија акцијата за уредување и чистење на јавни површини „Генералка викенд“ која се реализира во просторот околу клубот и во локалитетот Кадиска чешма. Пензионерите преку заедничка работа масовно се вклучија и придонесоа за почиста и поуредна животна средина. **Од дописниците**



















# За поквалитетен живот на постарите

Здравјето на постарите луѓе не е само прашање на физичка кондиција, туку и на ментална и духовна рамнотежа. Холистичкиот пристап кон превенција на деменција ја гледа личноста како целина – тело, ум и дух – и предлага интегрирани навики кои можат да го намалат ризикот од когнитивен пад. Истражувањата покажуваат дека значителен дел од случаите на деменција се поврзани со фактори кои можат да се модифицираат: физичка неактивност, лоша исхрана, депресија и социјална изолација. Затоа е важно постарите луѓе да се охрабрат да практикуваат редовна физичка активност како пешачење или лесна гимнастика, да следат здрава исхрана богата со овошје, зеленчук и маслиново масло, да ја стимулираат меморијата преку читање, решавање загатки или учење нови вештини, и да одржуваат социјални контакти кои го намалуваат ризикот од изолација и депресија.

Музиката, сликарството и театарот се моќни алатки за духовна и ментална поддршка, бидејќи поттикнуваат емоционално изразување, ја намалуваат анксиозноста и создаваат чувство на заедништво. Особено учеството во театарски претстави може да биде терапевтско: учењето текстови ја стимулираат меморијата, а сценската игра ја зајакнува самодовербата. Во овој контекст, уметничките дела како филмот „Персона“ на Ингмар Бергман имаат посебно значење. Тој ја истражува идентитетската криза и тишината, теми кои се блиски и на искуството на староста, каде што човекот се соочува со сопствените сенки и бара духовна рамнотежа.

Гледањето филмови може да биде ментална вежба. Филмот „Небеса“ отвора прашања за смислата на животот и за духовното патување, што е особено важно за постарите луѓе кои се наоѓаат во период на преиспитување и ново откривање на себе. Ваквите дела не се само културно искуство, туку и начин за ментална стимулација и духовна преобразба.

Карл Густав Јунг, големиот психоаналитичар, би рекол дека староста е време за интеграција на сенката и за откривање на „внатрешниот човек“. Тој ја гледаше староста како можност за духовна зрелост и за нов почеток, каде што човекот се соочува со сопствените архетипови и ја пронаоѓа својата целосност.

Постарите луѓе треба да се охрабрат да го запознаваат местото околу себе, да ги дознаат сите антички остатоци и културни богатства, како на пример археолошкиот локалитет Скупи и другите значајни споменици околу Скопје и Македонија. Таквото истражување не е само прошетка низ историјата, туку и ментална вежба која ја зајакнува меморијата и ја продлабочува врската со сопствените корени.

Особено значајни се делата на милосрдие. Да се помогне на беспомошните, да се даде храна на гладните, да се посети болен сосед и да се донесе лек или топол оброк, да се подари облека на сиромашните, да се утешат осамените во старските домови – тоа се добри дела кои ја исполнуваат душата и создаваат чувство на смисла. Милосрдието не е само чин на добрина кон другите, туку и духовна лекција за оној што го практикува. Постарите луѓе преку такви дела ја зајакнуваат својата врска со заедницата, ја продлабочуваат својата човечност и го откриваат мирот во себе. Воспоставувањето мир и прошка со сите, колку што е до нив, е пат кон внатрешна хармонија и кон духовна зрелост.

Староста не мора да значи крај, туку може да биде нов почеток и преобразба. Преку холистички практики, уметност, културни активности, истражување на сопствената историја и дела на милосрдие, постарите луѓе можат да откријат нови таленти, да изградат нови пријателства и да ја зајакнат својата духовна сила. Така староста станува време за повторно откривање на себе, за креативност и за духовна зрелост, а здравјето се гледа како целосна хармонија меѓу телото, умот и духот. **Маја Белева**


**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година XIX – број **211**
мај 2026 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова**
(претседател)

Добре Иванов
Музафер Муртезани
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Гидо Бојчевски

**Редакциски одбор:**
**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник
**Васил Пачемски**
уредник

**Членови:**
Верица Тоциновска
Кирил Ристески
Јасмина Тодоровска
Трифун Донев
Димитар Јаковлев

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**

СЗПМ Бул. „Кочо Рацин“
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија“

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.


HALKBANK
ПРВА ФИНАНСИСКА ЛЕКЦИЈА ЗА ДЕЦА
Штедат совесно, плаќаат одговорно и растат безгрижно!
ВАЖНИ СЕ ДЕЦАТА


ЗДРАВЈЕТО Е НА ПРВО МЕСТО!
ALPHAGO MED U80-EH
Апарат за мерење крвен притисок, за надлактица
FULLY AUTOMATIC Blood Pressure Monitor
ALPHAGO MED U60-EH
Апарат за мерење крвен притисок, за рачен зглоб
FULLY AUTOMATIC Blood Pressure Monitor WRIST STYLE
Мерете го редовно вашиот крвен притисок.
ZEGIN
ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА

# ЗП Свети Николе - лична карта




**Здружение на пензионери**
**Свети Николе**
**ул. „Кочо Рацин“ бб - Свети Николе**
**Тел. 078 320 811; 078 555 818**
**e-mail: zpsvetinikole@yahoo.com**



**Штерјо Ѓорѓиев**
**претседател на ИО на Собранието и на ЗП Свети Николе**



Здружението на пензионери Свети Николе е едно од помалите здруженија, членка на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Од формирањето во 1960 година до денес Здружението во континуитет се развива и остварува видливи резултати. ЗП Свети Николе одлично соработува со СЗПМ, каде што активно учествува и дава свој придонес во работата преку своите делегати во повеќе органи и тела на најголемата масовна мултиетничка невладина организација, како и со други организации кои се занимаваат со проблематика поврзана со пензионерската популација. Тоа учествува на сите активности кои се во организација на Сојузот. Бројот на членови-пензионери денес изнесува 3 450, кои се организирани во 8 ограноци од кои 3 во градот Свети Николе и 5 ограноци во руралните населени места. Правата и надлежностите на неговите членови се остваруваат врз основа на законските прописи и Статутот на здружението. Во здружението функционира Собрание кое брои 23 делегати, а Собранието избира Извршен одбор кој е составен од 7 членови. Надзорниот одбор е составен од тројца членови. Извршниот одбор избира комисии и тоа: Комисија за спорт и рекреација, Комисија за културно–забавен живот, Комисија за здравство и хуманитарни активности, Комисија за статут и правно–економски прашања. Во состав на здружението работи и Активот на пензионерки. Претседател на Извршниот одбор на Собранието и на здружението е Штерјо Ѓорѓиев, секретар Лидија Василева, а претседател на Активот на пензионерки е Викторија Панева. Иако е едно од помалите здруженија во Македонија, успешно се носи со сите активности предвидени со Програмата за работа и со активностите предвидени во Програмата на СЗПМ. Една од забележителните активности е социјално–хуманитарната дејност. Секоја година, по поднесените барања од пензионерите за доделување парична помош, особено за оперативни зафати и набавка на лекови, се доделува еднократна парична помош и пакети со прехранбени производи на болни и пензионери со ниски пензии. Како главна и приоритетна задача на ИО е подобрувањето на условите во работните простории и во клубовите. Со овие зафати се направи пријатно место за дружење и рекреација на пензионерите кои слободното време го поминуваат во пријатна атмосфера. Активностите на здружението се многубројни. Во четиригодишниот мандат се работи на сите полиња и секогаш се настојува резултатите од минатиот мандат да се надминат, а опфатот на учествувањето на пензионерите на разни манифестации да биде што поголем. Организирањето на активностите за одмор и рекреација се остварува во организирани групи, еднодневни екскурзии, излети, викенд–одмори и посети на културно–историски знаменитости и туристички места во Републиката и надвор од неа. Здружението соработува со локалната самоуправа, со здруженија, СЗПМ и со невладини организации. Тоа учествува во активностите поврзани со одбележување значајни локални и државни празници, свечено одбележување на 20 септември – Денот на пензионерите. На културно–забавен план, ЗП Свети Николе е особено активно, со тоа што Активот на пензионерките земаат учество на секоја манифестација организирана од Здружението. На 8 мај 2019 година, се одржа 17. регионална ревија на песни, музика и игри под покровителство на Сојузот, потпомогната и од локалната самоуправа, а домаќин беше ЗП Свети Николе. Во салата на Домот на културата „Крсте Мисирков“ во убав пролетен ден настапија здруженијата од: Свети Николе, Лозово, Злетово, Радовиш и Конче, Пробиштип, Струмица, Штип и Ново Село. На гостите и учесниците добредојде им посака претседателот на Здружението Никола Атанасов, изразувајќи посебно задоволство што на ревијата присуствуваат претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и градоначалникот на Свети Николе Сашо Велковски. Градоначалникот во поздравното обраќање изрази задоволство потенцирајќи ја добрата соработка со пензионерите. Поздравувајќи ги гостите и претставниците на здруженијата, во името на СЗПМ се обрати и претседателката Станка Трајкова, нагласувајќи го значењето и придонесот на овие културни манифестации во негувањето на културните традиции и ревијата ја прогласи за отворена. ЗП Свети Николе имаше чест да ја отвори ревијата со изведба на песната „Марика мома убава“ и уште две други. Следуваше ЗП Лозово, кое во својот репертоар имаше традиционални игри, песни и обичаи од Овчеполието. ЗП Злетово настапи со три изведби, а ЗП Радовиш и Конче со обичајот „Замерување на млекото“, проследен со песни и ора, придружувани од гајда, тапан, кавал и тамбура. ЗП Пробиштип ги изведе велигденските песни во придружба на оркестар од народни инструменти и ората „Арнаутско“ и „Потрчулка“. ЗП Струмица се претстави со женска и машка пејачка група и исполни неколку песни. ЗП Штип традиционално е посветено на негување градска песна и настапи со „Праша ли, Тинке, мајка ти“ и уште две други. Со изведба на народните песни „Море три години Стамбол го шетав„ и „Ајде сонце зајде“ во изведба на Јоцо Златанов се претстави ЗП Ново Село. Во рамките на ревијата беше одржана изложба и дефиле.









Ансамблот за народни песни на пензионерите од Свети Николе во 2018 година постигна значаен меѓународен успех, откако на интернационалниот фолклорен фестивал во Ќустендил, Република Бугарија, освои Специјална награда на жирито. Жирито на фестивалот го оцени настапот на светиниколските пензионери како „оригинална изведба која инспиративно ја следи базичната фолклорна линија на народното творештво“. Здружението на пензионери од Свети Николе, активно учествува во организирање на повеќе манифестации за своите членови. Во 2014 година во Свети Николе беа одржани регионални спортски натпревари на кои учествуваа здруженија од Струмица, Ново Село, Радовиш–Конче, Штип–Карбинци, Лозово и домаќинот Свети Николе. Иако во поодминати години, спортскиот дух не ги напушта луѓето од третата доба, па можеше да се забележи нивната



желба за победа во повеќе дисциплини, како што се: тегнење јаже, фрлање ѓуле, трчање на 60 метри, стрелање со воздушна пушка, пикадо и др. Во 2021 година ЗП Свети Николе на Републичките спортски натпревари учествуваше во една дисциплина и освои 4 место, а учествуваше и на Републичките спортски натпревари во 2024. Здружението организира и постојани прослави за дочек на Нова година, 8 Март, на 20 септември Денот на пензионерите и е присутно во општинските културни настани, како и во други активности. Информирањето на пензионерите од општината се остварува преку соопштенија на огласната табла, локалните информативни средства, весникот „Пензионер плус“ и преку написите од соработниците на печатот.




**СЗПМ**



**6. регион - домаќин Демир Капија:**
**24. регионална ревија на песни, музика и игри**

# Изведби од богатата фолклорна ризница


Зоран Сакламаев


Станка Трајкова

На 23.4.2026 година, во Домот на културата „Мирка Гинова“ во Демир Капија, се одржа традиционалната културна манифестација 24. регионална ревија на песни, музика и игри.

Настанот беше во организација на Сојузот на здруженија на пензионери на Р Македонија, а домаќин беше Здружението на пензионери Демир Капија.

На ревијата учество зедоа здруженија на пензионери од 6. регион, и тоа: ЗП Велес, ЗП Кавадарци, ЗП Неготино, ЗП Гевгелија, ЗП Валандово, ЗП Богданци, ЗП Дојран, како и домаќинот ЗП Демир Капија.

Учесниците се претставија со музички изведби од богатата ризница на македонските народни песни, со интересни ора и носии, преку кои се негува и се чува нашата традиција.

Публиката имаше можност да ужива во разновидна програма исполнета со песна, музика, игра и позитивна енергија.

На почетокот на манифестацијата се обратија претседателот на ЗП Демир Капија, Зоран Сакламаев, градоначалничката на Општина Демир Капија, Наталија Димитриева, како и претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Станка Трајкова, која воедно ја прогласи ревијата за отворена.

Голема благодарност до КУД „Мирка Гинова“, кои ја збогатија програмата со две прекрасни фолклорни изведби, како и до Општина Демир Капија за поддршката и придонесот за успешна реализација на настанот. Благодарност и до Домот на културата „Мирка Гинова“ за гостопримството и обезбедените услови за одржување на ревијата.

Оваа манифестација уште еднаш потврди дека традицијата живее и се пренесува преку песната и играта, благодарение на ентузијазмот и посветеноста на пензионерските здруженија.

**Сузана Апостолова**


ЗП Гевгелија


ЗП Велес


ЗП Неготино


ЗП Кавадарци


ЗП Богданци


ЗП Валандово


ЗП Дојран


ЗП Демир Капија


Доделување благодарници

**4. регион - домаќин Центар:**
**24. регионална ревија на песни, музика и игри**

# Среќата е онаму каде што човекот ја гледа


Злате Стефановски


Станка Трајкова

На 30 април 2026 година, во салата на КУД Владо Тасевски, се одржа регионална ревија на пензионерите од 4–иот регион. Учествуваа пензионерите од здруженијата Центар, Чаир, Кратово, Куманово, Крива Паланка и Солидарност – Аеродром.

Домаќин на ревијата беше ЗП Центар, а организатор СЗПМ.

Регионалната ревија започна со интонирање на Химната на Македонија што ја исполни хорот Елегија на ЗП Центар. Следуваа поздравните обраќања најнапред на претседателот на ЗП Центар Злате Стефановски, домаќин на настанот, а по него во име на организатор СЗПМ, претседателката Станка Трајкова.

Претседателот Злате Стефановски, ги поздрави гостите и учесниците на ревијата, им посака убав настап, а се задржа на информациите за активностите на ЗП Центар, најстарото здружение на пензионерите во републикава.

Со одбрани зборови учесниците и присутните ги поздрави и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова. Во нејзините обраќања пензионерите секогаш гледаат поттик и мотив за работа и за добри резултати. Со сè што говори и прави, претседателката Трајкова ги придвижува пензионерите кон подобар и поисполнет пензионерски живот. Потоа таа ја прогласи ревијата за отворена.

Први се претставија домаќините, хорот Елегија, кој исполни три убави македонски народни песни, а по нив фолклорната група Васка Илиева настапи со познатата Малешевка и Прстен ми падна. И на овој настан пензионерите покажаа дека се верни чувари на нашето културно богатство, традицијата и на својот идентитет. Кажуваат и покажуваат дека го сакаат своето, но истовремено ја почитуваат културата и идентитетот и на сите што живеат во нашава земја. Тоа го потврди и ЗП Чаир кое настапи со колажна програма од македонски и албански песни.

На 24. регионална ревија на која настапија здруженија од 4–иот регион, можеа да се слушнат многу убави народни песни. Пензионерите интерпретираа народни, староградски и изворни песни карактеристични од краевите од кои доаѓаат. Пензионерите од Кратово настапија со три убави кратовски песни. Фолклорната секција на ЗП Куманово се претстави со колажна програма, со песни и ора, со преубави носии. По многу нешта тие се единствени кога станува збор за нивните културни активности. Тие се еден од најубавите примери за заедништво и активно стареење. Пејачката и фолклорната група од ЗП Крива Паланка и Ранковце исполни две убави македонски народни песни, а завршија со брзото и познато оро Елено, моме, Елено. Овој убав настап со свои изведби го збогатија и пензионерите од ЗП Солидарност – Аеродром, чија фолклорната група се претстави со орото и обичаите – Свадба од Скопскиот регион, потоа со Невестинското оро и со обредот Адана машко оро, а женската пејачка група ја испеа омилената песна на многумина Ајде дали знаеш паметиш Милице. Зурлата и тапанот го најавија почетокот на нивниот настап, истовремено и крајот на оваа регионална ревија.

Една стара изрека вели: Среќата е онаму каде што човекот ја гледа. Пензионерите и на овој настан покажаа дека песните и ората и зачувувањето на нашиот фолклор и традиција и тоа како им носат среќа. На сите учесници им врачи благодарници Љубица Петрушевска, претседателка на Комисијата за култура на СЗПМ.

**Цветанка Илиева**


ЗП Куманово


ЗП Кратово


ЗП Солидарност - Аеродром


ЗП Крива Паланка


ЗП Чаир


ЗП Центар


Доделување благодарници

**2. регион - домаќин Тафталиџе:**
**24. регионална ревија на песни, музика и игри**

# Презентација на културното наследство


Димитрије Димовски


Станка Трајкова

На 7 мај 2026 година, во Домот на културата во Ѓорче Петров се одржа 24. Регионална ревија на песни, музика и игри од вториот регион. Учество зедоа 6 здруженија на пензионери и тоа: Тафталиџе ДДД како домаќин, Бутел, Шуто Оризари, Тетово, Ѓорче Петров и Карпош. На ревијата присуствуваа Станка Трајкова, претседателка на СЗПМ, Музафер Мутрезани, потпретседател на ИО на СЗПМ, градоначалникот на Општина Ѓорче Петров Александар Стојковски.

На почетокот на присутните им се обрати домаќинот Димитар Димовски, претседател на ЗП Тафталиџе ДДД посакувајќи им добро расположение и убаво да се чувствуваат за време на ревијата. Гостите ги поздрави и градоначалникот Стојковски кој истакна дека тој е подготвен секогаш да ја отстапува салата од Домот на културата на секое здружение на пензионери од Скопје, кое ќе ја побара, без никакви надоместоци. Тој се осврна и на неговите ветувања за време на изборната кампања кои се однесуваат за пензионерите од Ѓорче Петров, а посебно за изградбата на пензионерскиот дом и нагласи дека сите ветувања ќе бидат реализирани. На крајот Стојковски им посака убаво расположение и другарување за време на манифестацијата.

Пред присутните се обрати и претседателката Станка Трајкова, која упати искрени поздрави кон сите здруженија учеснички на ревијата, а истовремено упати благодарност кон градоначалникот Стојковски за неговата поддршка во отстапувањето на Домот на културата за потребите на здруженијата од Скопје.

Претседателот Димитар Димовски во знак на добра и успешна соработка на градоначалникот Стојковски и на претседателката Трајкова им додели благодарници.

Пред официјалниот почеток хорската група од ЗП Тафталиџе ја отпеа химната на Р Македонија, а потоа пред публиката се претставија со песните „Брала мома капини“, „Јас ќе ти купам свилено фустанче“ и „Бело лице љубам јас“, потоа настапија пензионерите од ЗП Шуто Оризари, а по нив хорската група од ЗП Бутел. ЗП Карпош се претстави со хорска група. Женските хорски групи од ЗП Тетово исполнија македонски и албански песни. Последни настапија пејачката и игроорната група на ЗП Ѓорче Петров. Се претстави и гитаристот Зоран Јовановски, со прекрасната песна „Едно име имаме“ придружуван од пејачката група. При крајот од изведбата игроорната и пејачката група се симнаа од сцената со македонското знаме в раце и заедно со публиката продолжија со оро во преполнетата сала од културниот центар. По завршувањето на ревијата, на сите здруженија, учеснички на ревијата, им беа доделени признанија од страна на организаторот.

**Љ. Ристов**


ЗП Карпош


ЗП Ѓорче Петров


ЗП Тетово - македонска група


ЗП Тетово - албанска група


ЗП Шуто Оризари


ЗП Бутел


ЗП Тафталиџе


Доделување благодарници

**5. регион - домаќин Пробиштип:**
**24. регионална ревија на песни, музика и игри**

# Пензионерите вистински чувари на традицијата


Груица Манасиевски


Тони Тоневски


Данче Даскаловска

На 14 мај 2026 година во Пробиштип се одржа 14 музичка ревија на фолклористите од 5 регион на која зедоа учество здруженијата од Струмица, Ново Село, Штип, Лозово, Злетово, Радовиш и Конче и Пробиштип како домаќин. Пред почетокот на ревијата сите учесници дефилираа низ улиците на градот се до плоштадот, каде со песна и оро се претставија пред граѓаните на Пробиштип.

Во преполната сала гостите и учесниците ги поздрави со топ–ло добредојде претседателот на ЗП Пробиштип Груица Манасиевски кој рече:

– Оваа манифестација да се преточи во аманет за генерациите кои доаѓаат по нас, да не згасне оваа убавина исткаена преку музика, песни и ора. Нашиот народ пеел песни кога му било најтешко, низ песните ја изразувал својата верба и надеж да се издржат најтешките моменти и животот да продолжи. Нашите песни се безвременски и незаборавни и тие им се допаѓаат на луѓето од целиот свет, горди сме на нашето културно наследство, а особено ние повозрасните кои сме верни чувари на нашата традиција, идентитет и обичаи, затоа посакувам да има уште многу вакви музички манифестации.

Градоначалникот на Пробиштип Тони Тоневски кој особено беше задоволен од поканата на ЗП со задоволство рече дека организацијата и одржувањето на ваков настан е доказ дека годините не се пречка за активен и исполнет живот, туку напротив пензионерите се пример за мудрост, истрајност и заедништво.

Данче Даскаловска, претставник од СЗПМ, истакна дека чест ѝ претставува што и на нејзините години може да присуствува на ваква манифестација, истовремено ги пренесе поздравите од претседателката на СЗПМ, Станка Трајкова, која сите со големо задоволство ги поздравува. Но на помладите им посакува да имаат љубов, разбирање и повеќе дружби, адека пример за тоа е денешната манифестација која на најубав начин покажува како низ песна, игра и обичаи се живее полесно и затоа не треба да се заборавaат постапките на повозрасните.

Сите учесници се претставија со нивни обичаи, изворни песни и народни песни од нивното поднебје, а публиката беше воодушевена, истовремено и распеана.

На крајот сите учесници добија благодарници за учество на музичката регионална ревија, а благодарниците им ги врачи Љубица Петрушевска, претседателката на Комисијата за културно–забавен живот при СЗПМ.

**С. Јанева**



ЗП Пробиштип


ЗП Штип


ЗП Лозово


ЗП Злетово



ЗП Струмица


ЗП Радовиш и Конче


ЗП Ново Село


Доделување благодарници

MBLEDHJA E 8-TË E KUVENDIT TË LSHPM

# Njëzëri aprovohen raportet e llogaridhënies mbi punën e Kuvendit më 2025

Më 29.04.2026 u mbajt mbledhja e Kuvendit të LSHPM
në të cilën u sollën
REKOMANDIME

1. Zgjedhjet e organeve të Lidhjes dhe Shoqatave organizohen çdo 4 vjet, pa u zgjatur afati i mandateve, dhe pa ndryshimet e statuteve të LSHPM dhe Shoqatave pensionale.
2. Zgjedhjet e fundit të organeve të Lidhjes u mbajtën më 29.03.2023.
3. Zgjedhjet në Shoqatat e pensionistëve është mirë të mbahen deri në janar 2027, për shkak të propozimit në kohë të përfaqësuesëve për zgjedhje të anëtarëve në Kuvendin e LSHPM mandatet e të cilëve duhen verifikuar.
4. Me verifikimin e mandateve, anëtari i Kuvendit fiton të drejta dhe obligime të zgjedhë dhe të jetë i zgjedhur në organet dhe trupat e Lidhjes dhe në mënyrë aktive të marrë pjesë në to, të realizojë vendimet e Kuvendit, të ofrojë iniciativa, propozime dhe sugjerime për zgjidhjen e çështjeve të caktuara dhe problemeve me interes për pensionistët.
5. Shoqatat pensionale që paraprakisht kanë kryer zgjedhjet duhet me mbajtjen e procedurës Kuvendore të propozojnë përfaqësues për anëtar të Kuvendit të Lidhjes për periudhën mandatare 2027-2031.
6. Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë dhe anëtarët e saj si asociacione joqeveritare, mbipartiake dhe të pavarura duhet që aktivitetet zgjedhore t'i kryejnë pa presione dhe ndikime partiake apo të tjera.
7. Përfaqësues të Shoqatave pensioniste zgjedhen nga Kuvendi i shoqatës jo vetëm sipas funkcionit, por edhe nga anëtarët tjerë të shoqatës për shkak të garantimit të pjesëmarrjes më të gjerë të delegatëve në punën e Kuvendit të Lidhjes.
8. Gjatë zgjedhjeve në Shoqata dhe Lidhje kujdes i veçantë duhet t'i kushtohet përfaqësimit gjinor dhe nacional.
9. Për mbledhjen zgjedhore të Kuvendit mbahet procesverbal që përmban të gjitha të dhënat për rrjedhën e mbledhjes, raportet e miratuara, përfundime dhe rezultate të zgjedhjeve të Shoqatave dhe Lidhjes.
10. Proçesverbali me materialet nga Rendi i ditës ruhet në arkiv dhe ka karakter të përhershëm konform rregullave të arkivimit.
11. Për zgjedhjet e kryera në organet e udhëheqjes është e nevojshme Shoqatat ta informojnë me shkrim Lidhjen përmes dorëzimit të materialeve adekuate dhe akteve për realizim në kohë edhe të zgjedhjeve në LSHPM.
12. Një nga rekomandimet më të rëndësishme, e cila përsëritet është rekomandimi që në vit zgjedhor mos të kryhen ndryshime dhe plotësime të statuteve të shoqatave dhe Lidhjes.

**Poashtu, rekomandohet të mos mbahen mbledhje të jashtzakonshme, por të kryhen përgatitjet e nevojshme për zgjedhje të rregullta që duhet të jenë fer dhe të rregulta, konform statuteve dhe akteve tjera.**

**Në këtë mënyrë do të tejkalohen reagimet dhe pakënaqësitë eventuale nga veprimet zgjedhore e që do përforcojë kredibilitetin si të shoqatave ashtu edhe të Lidhjes.**

**SHPM**

Për: Shoqërinë tregtare radiodifuze ALFA TV Shkup
rr. "Rruga e Kaçanikut" pa nr, Bizbeg, Butel
NGA: Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë

**Lënda: Demant dhe kërkesë për shpallje të korrigjimit të informacionit**

Të nderuar,

Më 29 prill 2026 në mediumin Tuaj, më saktë në TV-Ditarin u prezantua koment i gazetarit Tuaj Momçillo Petroviq, kryetar i Shoqatës së pensionistëve - Kisella Vodë, i cili erdhi i paftuar në Lidhje edhe pse nuk është anëtar Kuvendi. Komentet e të dyve janë një e pavërtetë e madhe që Momçillo paska qenë i ftuar për të siguruar kuorum i cili edhe ashtu nuk qe problem të sigurohet.

Të pavërtetat e plasuara për falsifikime dhe malverzime financiare të Lidhjes i demantojmë me raportet zyrtare të Entit për të hyrat publike dhe raportin e revizorit të pavarur me të cilat vërtetohet puna e drejtë dhe ligjore e Lidhjes.

Mendimi në Raportin e Entit për të hyra publike është botuar edhe në revistën "Penzioner plus", ndërsa Raporti i revizorit të pavarur dorëzohet çdo vit në Qeveri, dhe për transparencë botohet edhe në web-faqen e Lidhjes.

I rekomandohet Momçillo Petroviqit së pari t'i ujdis punët në shoqatën e vet në Kisella Vodë, t'i respektojë dhe zbatojë rekomandimet e Lidhjes siç bëjnë shoqatat tjera, e jo të plasojë të pavërteta në opinion për shkaqe që vetëm ai i di.

**Shërbimi për informim i LSHPM**

# Edhe pensionistët morrën pjesë në akcionin më masovik ekologjik - "Pastrim gjeneral i vikendit"

Më 8, 9 dhe 10 maj në Maqedoni me sukses u realizua edicioni i sivjemë i gjashtë akcionit më masovik nacional të pastrimit të mbeturinave "Fundjavë pastrim gjeneral





2026" që realizohet me qëllim të ngritjes së vetëdijes publike për mbledhjen dhe reciklimin e hedhurinave, si dhe për mbrojtjen e ambientit jetësor.

Përskaj numrit të madh të qytetarëve dhe institucioneve, ashtu si vitin e kaluar në akcion u kyçën edhe numër i madh pensionistësh nga më shumë shoqata anëtare të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, krenarë që vitin e kaluar Lidhja fitoi Mirënjohje për pjesëmarrje nga organizatori i akcionit.



Pensionistët pastronin rreth shoqatave, klubeve pensionale, por edhe në lokacione tjera në 80 komuna të cilat e mbështetën këtë nismë humane ekologjike. Në kuadër të akcionit, përveç mbledhjes së mbeturinave, u mbollën edhe lule për hijeshimin e rrethinave. Me pjesëmarrjen e tyre në akcionin "Pastrim gjeneral i vikendit" pensionistët edhe njëherë dëshmuan se kujdesi për natyrën fillon nga secili prej nesh, nga më të moshuarit deri te më të ritë.

**LSHPM**

SHP KAVADAR

# Përmbledhja poetike "Të gjithë për Frosinën" është vërejtje për të gjithë

Më 24 prill të këtij viti në sallën e Qendrës për kulturë në Kavadar u mbajt promovimi i përmbledhjes me poezi "Të gjithë për Frosinën" nga më shumë autorë, anëtarë të klubit poetik "Lulet e Tikveshit".




Në promovim ku morrën pjesë numër i madh i adhuruesëve të fjalës së shkruar, ishin të pranishëm edhe anëtarë të familjes së Frosina Kulakova, vajzës e cila tragjikisht humbi jetën e re në vendkalim për këmbësorë si rezultat i pakujdesisë njerëzore.

Promotorja e veprës ku janë prezantuar 20 autorë, kryetarja e klubit poetik "Lulet e Tikveshit", Marija Crvenkovski, në fjalën e rastit para të pranishmëve, tha: "Kaloi më shumë se 1 vit nga vdekja e hershme e Frosina Kulavkovës. Para nesh kemi një libër plot dashuri, nga njerëz që nuk harrojnë. Është kjo përmendore ndërtuar nga emocione dhe vargje përmes së cilëve Frosina ringjallet në kujtime. Autorët e këtij libri i huazojnë fjalët e veta, dhe çdo varg është për shpirtin ilaç, por edhe mburojë kundër harresës dhe tërheqje vëmendjeje për të gjithë".

Vargjet e poetëve pensionistë, anëtarë të klubit poetik "Lulet e Tikveshit", Todorka Andova, Milka Minkova, Marija Crvenkovski, Velika - Viki Miceva dhe Jovanka Zmejkovska, në çdo varg të shkruar sikur dhuronin nga një lule tikveshi para Fro-sinës. Kjo përmbledhje nuk është vetëm përkujtim, por edhe dëshmi për rininë që inspiron, dhembje që e bën bashkë dritën që nuk fiket. Përmes vargjeve gërshetohen pikëllimi, mllefi, por dhe dashuria. Autorët janë tubuar rreth një drite duke dashur ta përndrisin fytyrën e vajzës së re, jeta e së cilës u ndërpre shumë herët. Zebra ku ajo humbi jetën po bëhet më shumë se sa një vend, shndërrohet në simbol të jetës së brishtë dhe përgjegjësisë që kemi për njëri-tjetrin.

Frosina nuk është vetëm emër, por rikujtim që të kemi kujdes, është thirrje ta ruajmë jetën, një lloj dëshmie që dashuria dhe kujtimi mbeten edhe pas nesh.

**Liljana Ilieva**

SHP PRILEP

# Eksperte e filigranit

Pensionistja Olgica Atanasoska është në dekadën e shtatë të jetës. Bën pjesë tek gratë prilepase të cilat edhe në periudhën e tretë të moshës nuk mjundtë të mos të jetë aktive. Si pensioniste, ka mëtuar t'i kalojë ditët me aktivitete kreative. Idenë e ka "marë" nga fqinja e cila vetëm njëherë i paska treguar se si punohet me perin e argjentë.

- Menjëherë e kuptova teknikën për çka më ndihmoi edhe përvoja ime paraprake në maqinën e qepjes dhe qendisjes. Puna lyp sy, ta kesh mendjen aty. Punoj fotografi të argjendta të personave të shenjtëruar, fluturave, luleve për momente të lumtura. Punoj sipas skemës që tash e nxjerr nga Interneti sipas dëshirës së myshteriut. Qëkur ma shpjeguan, vetë mësoj, krijimet më përmbushin që mos rri kot kur nuk kam obligime ndaj fëmijëve e nipave - sqaron Atanasoska.

Deri tani ka punuar 700 filigranë, ndërsa punëdoret e saj kanë arritur deri në Gjermani, Angli, Shqipëri, kurse blehen me raste nga më të ndryshmet. Ka dhuruar mbi 70 filigrane, në shenjë respekti për personalitete të caktuara. Më e lumtur është kur duart dhe gishtërinjtë i lëvizin pa pushim, derisa truri krijon motiv artistik që e sajon me dashuri dhe përkushtim.

Deputeti Petar Risteski vendosi në koktej te kryetarja





Siljanovska të i dhurojë lule e përpunuar me pe të argjentë ku Olgica ka ngjizur kreacionin dhe pasionin. Nder dhe deshirë është që reagimi i saj ka aritë edhe në duart e njeriut të parë të shtetit.

Ajo ka edhe licencë për punë si rojtare, tash çerek shekulli.

- Ende më kërkojnë nga disa kompani private, por nuk dua të më mbeten sytë tek ora dhe të jem me ngut që në mëngjes. E doja punën si pjesë e ekipit të sigurimit për shkak se respektoja parimet dhe rregullat, por ama filigranet më plotësojnë më tepër - thotë Atanasoska kjo pensioniste që nuk plaket.

**Kiril Risteski**

SHP STRUGË

# Ekskursion me rastin e 80 vjetorit të organizimit pensional

80 pensionistë të SHP Strugë, më 24 prill 2026, me iniciativë të kryetarit të posazgjedhur të Këshillit ekzekutiv dhe Shoqatës Minir Mamudi, shijuan ekskursion njëditor në Shqipërinë fqinje, duke vizituar tre qytete. qytetin, njashtu edhe pazarin ku shumica blenë nga diçka për kujtim dhe të kënaqur me rrjedhën e ditës u nisën kah Pogradeci, në kafe-pauzë me nga një "trileqe" të ëmbël. Së fundi u nisën kah kompleksi "Lihnidas" ku u shtrua drekë dhe vazhdoi shoqërimi.



Destinacioni i parë ishte qyteti vlleh "Voskopolje" ku u panë nga afër numër i madh kishash dhe manastiresh, mes të cilave edhe kisha më e vjetër e shekullit 14, dedikuar Krishtit - Pashkëve. Pensionistët poashtu u ndalën edhe në muzeun e alfabetit shqip ku u njohtuan me fillet e alfabetizmit në Shqipëri. E shetitën

Në orët e fundit të ditës u drejtuan kah vendkalimi "Qafasan" dhe arritën në Strugë ku u mbyll harku i udhëtimit. E tërë bukuria që flet pa gojë e nëpër të cilën kaluan u përjetësua me fotografim të Stojan Kukuneshoski.

**Stojan Kukuneshoski**

Përktheu Iindita Kadriu

# Континуитет на музичките ревии на песни, музика и игри

Кога се прави ретроспектива на почетната идеја, односно иницирање на одредени активности во 2003 година во областа на културно–забавниот живот на пензионерите, што се организира во континуитет веќе дваесет и четири години, на иницијатива на СЗПМ, била ставена основата на една традиција, како храбра одлука. Треба да се истакне историскиот податок дека во Пробиштип, бил зародишот на ревијата на песни музика и игри, значајна пензионерска културна манифестација.

На 7 октомври 2005 година сите погледи биле вперени кон **Првата** републичка ревија на песни, музика и игри, која се одржа во Универзалната сала во Скопје, на која учествуваа 15 здруженија со околу 300 учесници. Јубилејната десетта по ред регионална ревија на песни, музика и игри за првпат се одржа во шест региони и тоа во Пробиштип, Куманово, Кавадарци, Тетово, Кочани и Битола, при што се направи избор за **Втората** републичка ревија на песни, музика и игри, која се одржа на 25 септември 2012 година, во Универзалната сала во Скопје, на која учествуваа 33 здруженија на пензионери со околу 600 учесници. Тоа претставуваше уште еден бисерен ѓердан нанижан од традиционални песни и ора, кои пензионерите мудро и со љубов ги чуваат од незаборав. На **Третата** републичка ревија на песни, музика и игри, одржана на 4 јуни 2013 година, во Универзалната сала во Скопје, а под покровителство на Министерството за култура и град Скопје, учествуваа 30 здруженија со 800 учесници. СЗПМ на **Четвртата** републичка ревија на песни музика и игри, која се одржа на 10 јуни 2014 година, на која учествуваа 35 здруженија, покажа дека пензионерите достоинствено ги чуваат културните обележја на нашата земја, особено во фолклорот како битен дел од идентитетот и традицијата. Во организација на СЗПМ, на 9 јуни во 2015 година, во салата на Македонската опера и балет во Скопје, се одржа **Петтата** јубилејна републичка ревија на песни, музика и игри, а учествуваа 25 здруженија со 600 учесници. Во Домот на АРМ во Скопје, се одржа **Шестата** републичка ревија на песни, музика и игри, на 7 јуни 2016 година, на која учествуваа 27 здруженија со 660 учесници. На 6 јуни 2017 година, во Домот на Армијата во Скопје, се одржа **Седмата** републичка фолклорна ревија, а учествуваа 33 здруженија со 750 изведувачи. Звуците на зурлите и тапаните, песните и ората на 30 здруженија ја исполнија салата на Домот на Армијата на Македонија на **Осмата** републичка фолклорна ревија, што се одржа на 5 јуни 2018 година. На 7 јуни 2019 година, во Домот на АРМ во организација на СЗПМ, се одржа **Деветтата** републичка ревија на песни, музика и игри, а настапија 25 здруженија од 53–те членки за Сојузот со околу 550 членови. Во специфични услови заради пандемијата од вирусот ковид–19, јубилејната **Десетта** републичка ревија на песни, музика и игри, на 15 октомври 2020 година, се одржа во ресторанот „Ритуал“, во сала со отворен покрив. Оваа ревија беше одржана во септември наместо како во изминатите години на пролет, но традицијата продолжи благодарение на совесноста на пензионерите, верните чувари на нашето богато културно наследство. На 23 јуни и во 2021 година се пееше, рецитираше и свиреше од традиционалните инструменти на **Единаесеттата** републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри во организација на СЗПМ, на која се претставија само осум здруженија кои беа домаќини на регионалните ревии на песни, музика и игри. Чувството на припадност кон своите корени со достоинство го покажаа пензионерите и покрај пандемијата од коронавирусот ковид–19. **Дванаесеттата** републичка ревија на песни, музика и игри се одржа на 31 мај 2022 година, во објектот „Ритуал“ во с. Трубарево, во Скопје, на која настапија 14 здруженија: осумте домаќини на 20 јубилејни регионални ревии на песни, музика и игри и уште шест кои ги одбра Комисијата за културно–забавен живот за да бидат застапени националностите, и три кои според Комисијата се истакнале со својот квалитет. Во 2023 година, на 6 јуни беше одржана **Тринаесеттата** републичка ревија на песни, музика и игри во Кочани, во Домот на културата „Бели Мугри“, на која настапија 25 здруженија на пензионери, членки на Сојузот. На **Четиринаесеттата** републичка ревија на песни, музика и игри која се одржа на 8 јуни 2024 година, во Домот на АРМ во Скопје, а учествуваа 26 од вкупно 53 здруженија на пензионери, членки на Сојузот. На јубилејната **Петнаесетта** републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри, во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, која се одржа на 5 јуни 2025 година, во Домот на АРМ во Скопје, настапија пензионери од 26 здруженија.

Оваа година **Шеснаесеттата** републичка ревија на песни, музика и игри ќе се одржи во јуни, а за датумот и местото навремено ќе бидете информирани

**В. Пачемски**

# Темјанушка

Природата засвире на својата харфа на пролетните мелодии. Пејачот на колективната свест ја избира песната и инструментот. Дали кавалот или некој друг древен инструмент, подразбира што е фреквенцијата на пролетта. Односно кавалот глаголи на музички начин за поезијата на пролетта. Кавалот го прати пеењето на песната на птиците, за сите потреперувања на пролетта. Пејачот е оној лик на колективното несвесно, оти порано повеќе се пеело, отколку зборувало.

Па така се трудам да си потпевнувам во некои забетонирани моменти од животот. Потпевнувам и го пеам името на темјанушките, цвеќиња кои штедро се даваат. Темјаааанушшкиии, темјанууууушкии, виолетиици, убавиции и не се чувствувам веќе така осамено. Не се трудам да градам кристални дворци, како ликовите во делата на Достоевски. Ги кршам невистините и лажните светови со потпевнување. Ја слушам и песната на птиците и на штурците. Се прашувам дали имам доволно песна во секојдневните активности и навечер кога правам ретроспектива на денот, си велам што од сето тоа, беше песна?

Ги сакам и розите и магнолиите, ама темјанушките како да ми ја освоиле душата. И тоа оние малите, кои се во парк. Често ги забележувам и бандерите и завитканите кабли околу нив и се трудам да најдам убавина и смисла. Мелодот или пејачот го барав во групите, во концертите во музиката која беше достапна. Во античките претстави играле само мажи. Но, во поново време мелод може да биде и жена.

Исчисти ја земјата на своето срце, за да не раѓа само троскот и трње – одекнуваат исконските зборови. Во потта на своето лице ќе го јадеш својот леб. Лебот на убавината, лебот на вистината, лебот на добрината. О животе, на што нè учиш? На што нè учиш убавино? Дали некој досега испеал песна на еволуцијата? Дали таа е опеана, дали некој се воодушевувал на неа? Троскотот е едно многу јако и упорно растение. Има јаааак корен. Што велиш еволуцијо, македонскиот народ бил како троскот?

Мелодот одбива да пее песна за еволуцијата. Во негово време се почитувале боговите и хероите. Пејачите во денешно време се снаоѓаат како знаат, за што ќе испеат песна. Не може лесно да се испее песна. Таа е секогаш поврзана со страдание и преобразба. Во песната секогаш има надеж. Бах знаел за кого компонира.

Земјоделците ги очекува активен месец на садење и сеење. Мај, мај, преубав мај. Ајде биди онаков каков што си. Некој сака да ни ја нашминка природата, да не биде веќе толку природна. А обожените луѓе ја гледаат светата светлина, која ја открива суштината. Заумната светлина велат била виолетова, или пак нежно сина. Па така песна на пролетта додаваат и малите сини цветчиња, кои раснат на рабовите.

Се занимавав во последно време со структурирањето на времето. Се набљудував како реагирам јас и другите на тоа, па наидов на терминот хронотоп. Сега јас се наоѓам во фармерски хронотоп, кој не можам потполно да го живеам така. Но, официјално би требало да го живеам тој хронотоп. Да, јас имам градина но, ја обработувам во слободно време. Така што гледам, кај мене се работи за испресечени хронотопи и тоа е многу интересно и збунувачки. Од многу испресечени паркови и луѓе со најразлични наративи и потекло, сега шетам во еден единствен парк и го доживувам како свој. Го гледам животот од височина, барајќи чист воздух. Пополнувам празнини во мене, кои настанале, кога си ставен во окото на бурата – живот, неспремен. Ја употребив оваа метафора, која не знам дали е најсоодветна. Сите сме различни и животот наоѓа начин на сите да ни помогне, да ја најдеме најстабилната подлога за постоење. Се сеќавам: и тоа беше многу метафорично, како со две мали деца одевме едно лето накај Охрид, а не ја сфативме сериозно временската прогноза. Се најдовме во окото на бурата. Буквално. Паѓаше силен дожд и некое вртливо сивило околу нас ни го попречуваше видикот. Нашата кола упорно одеше напред. Имаше и нешто убаво во таа случка, се почувствувавме како носени од некоја топла рака, преку таа разјарена бура, и додека се возевме ја слушавме песната: „О, море голтни ме!“ Бурата сакаше да не голтне, додека одевме накај езерото, а кога стигнавме, немаше ни трага од похотливоста на бурата. Сите мелоди на бурата и пролетта ја созвучуваат песната за темјанушките во мојата душа.

**Маја Белева** (авторски текст)



**3. регион - домаќин Кисела Вода:**
**24. регионална ревија на песни, музика и игри**

# Разиграни, распеани мајски активности


Момчило Петровиќ


Бети Стаменкоска -Трајкоска


Менка Темелковска


ЗП Кисела Вода


Здружение на Воени пензионери


ЗП Илинден


ЗП ОВР на РМ


ЗП Гази Баба


ЗП Сарај

На 19.5.2026 година се одржа 24. регионална ревија на песни, музика и игри од третиот регион, на која беа прикажани обичаи и традиција, како белег на нашата Република Македонија.

Во организација на СЗПМ, домаќин на ревијата оваа година беше ЗП Кисела Вода, предводена од докажаниот за незаборавни настани, претседателот на ЗП Кисела Вода Момчило Петровиќ.

На ревијата присуствуваа градоначалникот на Општина Кисела Вода Елизабета Стаменкоска – Трајкоска и Менка Темелковска, Томче Стојков и Љубица Петрушевска.

На оваа 24. регионална ревија на песни, музика и игри учествуваа 6 здруженија од третиот регион: ЗП Сарај, ЗП Гази Баба, ЗП ОВР, ЗП Илинден, ЗП Воени пензионери и домаќинот ЗП Кисела Вода.

Гостите, присутните и учесниците ги поздрави претседателот на ЗП Кисела Вода Момчило Петровиќ со благодарност за масовното присуство и одвоеното време. Тој се заблагодари на градоначалникот на Општина Кисела Вода за успешната и безрезервна соработка и за големата поддршка и разбирање за сите проблеми на пензионерите, а на присутните им посака добра забава. Во своето обраќање градоначалникот на Општина Кисела Вода Елизабета Стаменкоска–Трајкоска рече:

– Од пензионерите на ЗП Кисела Вода црпиме енергија, инспирација и мотив да работиме посветено и одговорно за просперитет на сите жители на општината. Бидете здрави и живи уште многу години.

Секретарот на ИО на СЗПМ Менка Темелковска изрази задоволство од поканата да присуствува на ревијата со порака дека вакви настани ќе има уште долги години. На присутните и учесниците им посака добра забава и долги и среќни пензионерски денови.

По неколку минути со звуците на тапанот и звукот на кавалот, се разви македонско оро, се слушна и албанска песна од ЗП Сарај и се заредија изведбите на здруженијата: игроорците и игроорките од ЗП Илинден имаа преубава изведба на сплет на песни и ора, се претстави пејачката група на ЗП ОВР, вокално–инструменталната интерпретација со сценска изведба на ЗП Воени пензионери и на крај блеснаа „Пензионерски бисери", фолклорна група на ЗП Кисела Вода. Игроорките и игроорците ја кренаа публиката на нозе изведувајќи македонски ора. Се претставија како вистински бисер на целиот настан и беа испратени со долготраен аплауз и овации од публиката.


Доделување благодарници

ЗП Кисела Вода довербата на домаќин на ревијата ја оправда во целост.

**Горица Анѓелковска**

**8. регион - домаќин Вевчани:**
**24. регионална ревија на песни, музика и игри**

# Ревијата беше празник за сите


Витомир Костојчиноски


Станка Трајкова


ЗП Охрид и Дебрца


ЗП Дебар и Центар Жупа


ЗП Струга


ЗП Кичево


ЗП Македонски Брод


ЗП Вевчани

Во Вевчани на 19 мај 2026 година, беше празник за сите, а особено за припадниците од третата доба. Се празнуваше од утро до квечерина.

Како што знаат и умеат вевчанци да се веселат за други празници, така и пензионерите од 8. регион ги развеселија сите присутни на оваа ревија, којашто се одржа во салата на КУД „Дримкол". На истата учествуваа фолклористи од 8. регион и тоа од: ЗП Струга, ЗП Охрид и Дебрца, ЗП Дебар и Центар Жупа, ЗП Гостивар, ЗП Кичево, ЗП Македонски Брод, ЗП Лабуништа и се разбира домаќинот, ЗП Вевчани. Сите учесници заедно со своите претседатели на здруженијата и претседателите на комисиите за култура, направија заедничка фотографија на плоштадот во Вевчани и пеејќи песни ги поканија сите во салата на КУД „Дримкол" да ја проследат големата пензионерска музичка смотра. Публика имаше не само од Вевчани, туку и од соседните села. Оваа година, културниот настан го отвори подмладокот на КУД „Дримкол" од Вевчани, облечени во колоритната моминска вевчанска носија, со песна и игра.

Најнапред топли и срдечни поздрави до присутните упати претседателот на ЗП Вевчани Витомир Костојчиноски, со желба да има што повеќе вакви музички настани во текот на годината организирани од здружението и од Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија. Од името на Сојузот на пензионерите им се обрати и ревијата ја прогласи за отворена претседателката Станка Трајкова, која рече:

– Почитувани пензионери, почитувани вевчанци, дами и господа, денес одбележуваме значаен јубилеј, 80 години од постоењето на пензионерското организирање на корисниците на пензија. Овој јубилеј е посебен, значаен и вреден бидејќи пензионерите пред 80 години започнале да се обединуваат во здруженија и сојузи. По повод овој јубилеј ги поздравувам сите пензионери од нашата држава.


ЗП Лабуништа


ЗП Гостивар


Доделување благодарници

По отворањето на ревијата со свои изведби настапија пензионерите од Македонски Брод, со три песни. Пензионерите од Кичево ја исполнија песната „Моме оди низ ливада", а потоа следеше свадбарски обичај со пеење на сваќата. Со машката пејачка група, која исполна две песни, се претставија и пензионерите од Лабуништа, а секако треба да се одбележи и настапот на хумористот Шабан Адемоски со своја лична творба. Ревијата продолжи со ЗП Дебар и Центар Жупа со пејачка група која исполни две песни: една на македонски и една на албански јазик. Пензионерите од Гостивар исто така, настапија со песни на македонски и албански јазик. Три музички исполнувања со голем аплауз од публиката имаа струшките пензионери. Публиката уживаше и во убавата струшка носија. Како претпоследни се претставија охридските пензионери заедно со пензионерите од Дебрца и КУД „Далги" играјќи две ора во придружба на оркестарот. Во завршниот дел на ревијата уште еднаш настапија домаќините од ЗП Вевчани со обичајот „Василичарско оро" и вевчанскиот оркестар. На крајот претседателката на СЗПМ Станка Трајкова заедно со потпретседателот на Извршниот одбор на СЗПМ Музафер Муртезани и претседателот на ЗП Вевчани Витомир Костојчиноски, на претседателите на здруженијата кои учествуваа на оваа ревија им доделија благодарници.

**Стојан Кукунешоски**

# Електрична енергија од вселената

Користејќи детален компјутерски модел на иднаната енергетска мрежа на континентот, истражувачите откриле дека систем од вселенски сончеви панели, дизајниран од американската вселенска агенција НАСА, би можел да ги намали трошоците на целиот европски енергетски систем за дури 15 проценти. Исто така, би можел да ја намали потрошувачката на батерии за повеќе од две третини. Вселенските сончеви панели кои покажале позитивни резултати користат рефлектори слични на огледала за собирање сончева светлина во орбитата, која потоа се пренесува до земјените ќелии и се претвора во електрична енергија пред да се испорача во електричната мрежа. Овој модел на енергетски компјутер опфаќа 33 држави и симулира побарувачка, производство и складирање на електрична енергија за да ја идентификува најевтината опција за задоволување на потребите. Кога истражувачите го интегрирале концептот на овие панели во модел базиран на предвидувањата на НАСА за нивниот потенцијален капацитет, резултатите покажаа дека тие би можеле да заменат дури 80 проценти од обновливата енергија на Европа на копно. Вселенските сончеви панели би можеле да бидат алтернативен централизиран извор на енергија што работи над атмосферата со континуирана моќност во опсегот на гигавати. Потенцијалната профитабилност нема да се постигне пред 2050 година бидејќи тие би биле премногу скапи за изградба, лансирање и одржување, освен ако технолошкиот напредок не ги намали трошоците. Јапонија веќе развива вакви панели и ги вклучува во својата стратегија за намалување на емисиите на штетни гасови. Европа би можела да го следи тој пример бидејќи веќе има долга традиција на мултинационална соработка со цел прекуграничната размена на електрична енергија и сателитски потфати под покровителство на Европската вселенска агенција.

Се сеќавате ли дека генијалниот Никола Тесла тврдел дека струја можеме да добиваме од севирот бесплатно! Нели ви личи ова на неговото претскажување?

**Ј. Милковски**

# Мотивација

Иво третата доба е потребна мотивација. Таа е она што не одржува во животот. Ако имате визија за вашиот живот и свесно работите на создавање и остварување на вашите цели, треба да знаете дека сте далеку пред другите иако сте во поодминати години. Ако ви е потребно дополнително охрабрување и поттик внимателно прочитајте ги овие мисли на познати луѓе:

– Мисли добро и ќе биде добро – Иво Андриќ.

– Нека твојата јадица секогаш биде фрлена. Во езерото каде што најмалку очекуваш, ќе се појави риба – Овидиј.

– По дваесет години повеќе ќе бидеш разочаран од работите што не си ги направил отколку од работите што си ги направил. Затоа отплови од безбедното пристаниште.

Истражувај. Сонувај. Откриј – Марк Твен.

– Повеќето важни работи во светот ги постигнуваат луѓето кои не се откажале во моментите кога се чинело дека нема надеж – Дејл Карнеги.

– Преку ноќ станува славен само оној што неуморно работел со денови – Хенри Форд.

– Кога има волја, има и начин – Џорџ Бернард Шо.

– Не веруваm во песимизам. Ако нешто не оди онака како што ние сакаме, сепак треба да продолжиме понатаму. Ако мислиме дека ќе врне, ќе врне – Клинт Иствуд.

– Сите ваши соништа можат да станат реалност ако имате храброст да ги следите – Волт Дизни.

**Ј. Милковски**

## Цитати од Сократ

Сократ (4 јуни, 470 пр. н.е. – 399 пр. н.е) сè уште е еден од најголемите филозофи кои некогаш постоеле иако неговата мисла потекнува од антично време. Тој бил класичен грчки филозоф познат како еден од основачите на западната филозофија. Бил добро познат писател кој го менторирал Платон. Сократ станал познат по неговиот придонес во областа на логиката и етиката, а бил фасциниран од човечкиот ум и неговата моќ над физичкото тело.

„За да се пронајдете, размислувајте сами".

„Искуството е најдоброто училиште, само школувањето е многу скапо".

„Знам само една работа, а тоа е дека ништо не знам".

„Јас сум граѓанин на светот".

„Единствената вистинска мудрост е да знаеш дека не знаеш ништо".

„Книгите се ладни, но сигурни пријатели".

„Мрзливи луѓе не се само оние кои не работат, туку и оние кои можат да работат подобро".

„Луѓето не се намерно злобни, туку од незнаење. Треба да знаете што е добро за да се направи добро".

„Мој совет е да се ожениш. Ако најдеш добра сопруга, ќе бидеш среќен, а ако не, ќе станеш филозоф".

„Меѓу пријателите треба да ги сакаме не само оние што ги жалат вашите несреќи, туку и оние кои не и завидуваат на нашата среќа".

„Мојот главен сведок за кажување на вистината е мојата сиромаштија".

„Некои луѓе не градат ѕидови за да се чуваат од луѓето надвор, туку за да видат кој сака да ги сруши".

„Нашата најважна цел во животот треба да биде да ја воздигнеме нашата душа. Со други зборови, напредок на нашите духовни и морални сили: да го осветлуваме нашиот дух секој ден сè повеќе и да се чувствуваме сè повеќе и повеќе слободни и подобро секој ден".

„Не можам никого да научам ништо, можам само да ги натерам да размислуваат".

„Тој не бара разговор со мртвите, ниту добротворни цели од скржавите".

„Неистражен живот не вреди да се живее".

„Вие не живеете за да јадете, јадете за да живеете".

„Разбирањето на прашањето е веќе половина од одговорот".

„Сите оние кои имаат намера да заземаат високи позиции во градот треба да бидат убедени да ја практикуваат науката за броевите... за да можат полесно да ја бараат вистината".

„Секој знае колку кози и овци има, но не и колку пријатели„.

„Образованието е искра на оган, а не полнење за сад".

„Тајната на среќата, знаеш, не се наоѓа во тоа да бараш повеќе, туку во развивање на способноста да уживаш во помалку".

**Подготвила Маја Белева**

## КРСТОЗБОР



**Хоризонтално:** 16. и 17. ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК ВО ПРОЛЕТНИОТ ЦИКЛУС ВО ЧЕСТ НА СВЕТИОТ ВЕЛИКОМАЧЕНИК ГЕОРГИЈ; 18. Англиски пеач и мултиинструменталист Дамон (1968); 19. Муслиманско машко име; 20. Крајност; 21. и 25. МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ТРУДОТ; 22. Кентаурот што го убил Херакле; 23. Вид зимзелено дрво (мн.); 24. Германски фудбалер, истакнат голман, Сеп (1944); 26. Корален остров (мн.); 27. Пензионер плус (крат.), 28. Вид слатководна риба; 29. Хемиски знак за сулфур; 30. Автознак за Шведска; 31. Град и река во Русија; 32. Историско место во Мала Азија; 33. Руско женско име, 35. Главен град на иранската покраина Ларистан; 36. Воздух што се испушта при дишење; 37. Името на македонската пејачка Гиева (1938–2024); 38. Извик при јуриш; 39. Името на руското писател и баснописец Крилов (1769–1844); 40. Според старогрчката митологија ќерка на Агамемнон и Клитемнестра, хероина во грчки трагедии; 41. Вид повеќегодишно цветно растение; 42. Територијално–административна единица во неколку држави; 43. Колективен раководен орган (крат.) 44. Вепар за приплод.

**Вертикално:** 1. Долен дел од чевелот изработен од кожа, гума и сл.; 2. Град и пристаниште во Шведска; 3. Вид угостителски објект; 4. Различни согласки, 5. Хемиски симбол за кислород, 6. ВОСКРЕСЕНИЕ ХРИСТОВО – НАЈВАЖНИОТ ПРАЗНИК НА ПРАВОСЛАВНИТЕ ХРИСТИЈАНИ; 7. Поранешниот Југословенски орган за надворешни работи (Државни секретаријат за иностране послове) (крат.); 8. Автознак за Египет; 9. Народна република Македонија (крат.), 10. Вид ткаенина, грубо небелено платно; 11. Знак за литар; 12. Кратенка за британската нафтена индустрија (British Petrol); 13. Материјал за армиран бетон; 14. Ракетна војска и артилерија (крат.); 15. Холандски пејач и глумец, Роб де (1942); 17. Кошаркарски клуб (крат.); 18. Кратенка за Грчкото антифашистичко движење на отпорот; 20. Името на албанскиот револуционер Кочи (1856–1916); 21. Место во Словенија; 23. Тој (срп.); 24. Лудолфовиот број; 25. Негација; 26. Рима; 27. Остров во Преспанското Езеро; 28. Јапонски политичар и државник, Еисаку (1901–1975); 29. Руско машко име; 31. Името на американската глумица Гарднер (1921–1990); 32. Столетие; 33. Народна република (крат.); 34. Германски филозоф, Фридрих (1778–1841); 36. Хемиски симбол за нитон; 37. Автознак за Крањ; 38. Хемиски симбол за иридиум; 40. Самогласка; 41. Автознак за Шпанија.

**Лик и состав: Георги Хаџи-Васков**

**Решение: ЃУРЃОВДЕН, Албарн, Омер, екстрем, ПРВИ МАЈ, Нес, елки, Маер,атоли, ПП, мрена, С, С, Онега, Ис, Ивета, Лар, здив, Анка, ура, Иван, Електра, ирис, кантон, КРО, нераст.**

## Хумор

Трпана ја прашува баба Цвета:

– Зошто на влезната врата имаш две окца за гледање?

– Горе да видам кој доаѓа, долу да видам што носи за да одлучам дали ќе отворам.

* * *

Пријатели го прашуваат тазе оженет како му е во бракот:

– Ужас, жената ми забрани сè. Не смеам да пушам, да пијам, да пцујам, не смеам да излегувам навечер со другарите...

– Сигурно сега се каеш што се ожени?

– И тоа ми е забрането!

* * *

Два духа си седат и си читаат весници. По некое време едниот вели:

– Е, најпосле и Васил ќе дојде!

– Од каде знаеш?

– Еве му го некрологот.

* * *

Во кафеана разлутен гостин удира со тупаница во масата:

– Ова ли го нарекуваш силно кафе?!

– Да, се разбира, му вели келнерот, гледате ли колку сте силен само од една голтка!

* * *

– Подобро да се омажев за црниот ѓавол, отколку за тебе – му вели разлутено жената на својот сопруг.

– Нема да можело, забранети се браковите меѓу блиски роднини!

* * *

Влегува ликовен критичарот во уметничко ателје:

– Каква прекрасна слика, каква визија, каква експресија!

– Да?! Па тоа е платното каде си ги бришам рацете од боите!

* * *

Си разговараат тројца пријатели:

– Ми почина тештата минатиот месец. Ѝ купивме многу убаво место под еден орев.

– И мене ми почина тештата минатата недела и ние ѝ купивме убаво место покрај патот.

– Слуша третиот и го вади мобилниот:

– Што правиш, бабо?

– Гледам ТВ и дремам во фотелја.

– Дреми, дреми, ама ќе се потрошат убавите места!

* * *

Постара жена го сонувала Господ. Во сонот го прашала да и каже кога ќе умре. Господ и рекол по шест месеци.

Кога се разбудила отишла на фризер, на козметичар, направила пластична операција, со еден збор многу се разубавила. Не поминале ни пет месеци жената умрела. Отишла лута кај Господ да се кара што ја излажал. Зачуден Господ почнал да ја распрашува која е и кога ја излажал. Кога разбрал за што станува збор и рекол:

– Грешката е кај тебе. Многу си се разубавила, па јас сум мислел дека си некоја друга, затоа ова се случило.

* * *

Расплакана доаѓа ќерката и ѝ се жали на мајка си:

– Го напуштив мажот.

– Па зошто плачеш?

– Кога ја затворив вратата чув нешто како истрел, па се плашам да не се убил!

– Глупости. Отворил шампањско!

* * *

Починала некоја стара бабичка и отишла кај Свети Петар. Тој ја прашал што сака да и исполнат за добредојде. Се мислела бабичката и рекла:

– Да бидм уште некое време жива.

– Нема проблем рекол Свети Петар и ја ставил во термометар!

* * *

На автобуска станица стојат една бабичка и едно момче. Бабата му вели:

– Бадијала ми зборуваш, ништо не те слушам.

– Не ти зборувам, џвакам мастика!

* * *

Комшијата го прашува Перо:

– Перо пуши ли жена ти?

– Не – вели Перо.

– Тогаш ти гори куќата, од прозорците излегува дим.

* * *

Во книжарница влегува маж и прашува:

– Ја имате ли книгата „Мажот е главен во домот"?

– Бајките се на горниот рафт – одговорила продавачката.

* * *

Си доаѓа мажот дома и го наоѓа комшијата со жена му.

– Што правиш тука со жена ми?

– Сакав само да проверам дали е исто како со жена ми!

– Баш си глуп, се мачиш, а си можел да ме прашаш мене за разликата.



**1. регион - домаќин Виница:**
**24. регионална ревија на песни, музика и игри**

# Фолклорната традиција продолжува


Павлина Ангеловска


Гоце Василев


Добре Иванов


ЗП Берово


ЗП Делчево


ЗП Кочани


ЗП Македонска Каменица


ЗП Пехчево


ЗП Виница

На 20 мај, сината сала на Домот на културата „Тошо Арсов“ во Виница беше центар на значајната и најмасовната културна средба на пензионерите од здруженијата на пензионери од 1-от регион. Ревиите се во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. На настанот прв добредојде на учесниците и на гостите им посака претседателката на ЗП Виница Павлина Ангеловска, која ги поздрави присутните и го истакна значењето на настанот за пензионерите. Таа меѓу другото рече:

– Сите ние, со посебен ентузијазам го негуваме и го презентираме богатото културно наследство на македонскиот народ, а со овој елан на ангажирање даваме пример на помладите генерации за негување на традициите.

И претседателот на Советот на Општина Виница Гоце Василев им посака успешен настап на учесниците и искажа подготвеност за поддршка на ЗП Виница во натамошното пензионерско дејствување при одржување вакви и слични манифестации.

Претседателот на Собранието на СЗПМ Добре Иванов зборуваше за значењето и придонесот на ревијата во негувањето на културните традиции и во зачувувањето на идентитетот на државата, со што пензионерите даваат голем придонес за враќање од заборав на многу убави старградски и изворни песни, музика и на обичаи. Меѓу другото, тој истакна дека денешната регионална ревија се совпаѓа со 80 години од пензионерското организирање и ја прогласи ревијата за отворена.

Полни со ентузијазам и желба да го покажат она што го знаат и го носат како аманет од многу генерации, а притоа не криејќи ги своите чувства, иако во поодминати години, пензионерите пееја и играа, со песни испеани во минатите времиња, многу поубави од сегашниве. Пензионерите, облечени во преубава живописна и филигрански изработена носија, со ора и песни, пред големиот број посетители, ги презентираа уникатните ора, традицијата и обичаите.

На ревијата први настапија пензионерите од ЗП Кочани кои настапија со песни и игроорна група одигра две убави ора. Втори настапија пензионерите при ЗП Пехчево, ЗП Македонска Каменица се претстави со неколку песни, четврти беа пензионерите од ЗП Делчево кои пред публиката испеаја неколку песне. Пензионерите од ЗП Берово како петти исполнија хорски песни. На крајот настапија домаќините, ЗП Виница, кои испеаја и изиграа ора и песни од пребогатата културна ризница на виничкиот крај. Претседателката на Комисијата за култура при Сојузот Љубица Петрушевска во име на организаторот на оваа ревија, на здруженијата учесници им додели благодарници.


Доделување благодарници

Во ритамот на тапаните пензионерите ја продолжија веселбата на 24. регионална ревија на песни, музика и игри со дружење и добро расположение. **П. Ангеловска**

ЗП ПРИЛЕП

# Вљубеник во филигранството

Пензионерката Олгица Атанасоска е во седмата деценија од животот. Таа е една од оние прилепски жени кои иако во третата доба од животот, не можат да не бидат активни. Олгица не се чувствува возрасна, иако е во пензија таа има животна пасија која и го исполнува секој ден со активности. Како пензионерка сакала да ѝ се исполнат деновите со креативна дејност. Идејата ја добила од сосетката која и покажала како се работи со срмениот конец.

– Веднаш ја сфатив техниката за што ми помогна и претходното искуство што го имав на машината за шиење и везење. Работата бара „очи“, умот да ти биде тука, – објаснува Олгица. Изработува крстови, срмени слики на светци, пеперутки, цветови за радосни мигови.

– Работам по шема, која сега ја вадам од интернет по желба на муштеријата. Откако ми покажаа, сама се надоградував, ме исполнува творењето, да не седам така кога немам семејни обврски кон децата и внуците, – објаснува Атанасоска.

Досега има изработено над 70 крстови и 700 филиграни, а нејзините рачни изработки стигнале и во Германија, Англија, Албанија, а ги купуваат за разни поводи. Подарила над 70 филиграни, како знак за благодарност кон одредени личности. Најсреќна е кога рацете и прстите и се „движат“, додека со умот креира уметнички мотив кој го изработува со душа.

– Горда сум што моите креации ги красат ѕидовите на многу домови, носат радост во многу семејства, но и во кабинетите на познати личности.



Изработка од Атанасоска е и во кабинетот на претседателката на државата Гордана Сиљановска-Давкова. Пратеникот Петар Ристески со одлучил на приемот кај претседателката Сиљановска да и подари цвет изработен од срмен конец во кој има внесено многу креација и посветеност.

– Чест и задоволство ми е што моја креација стигна и во рацете на првиот човек на државата – вели Атанасоска.

Таа изработи 20 крстови од филигран за празникот Водици, кои се најдоа во рацете на сите фаќачи на крстови во Прилеп.

Олгица има лиценца за работа како обезбедувач веќе четврт век. Работела како тутунски техничар.

– И сега ме бараат од некои приватни компании, но не сакам да гледам на часовникот и да брзам наутро. Си ја сакав работата како обезбедување затоа што држев до принципите и правилата – вели Атанасоска. **Кирил Ристески**

ЗП КАВАДАРЦИ

# Стихозбирката „Сите за Фросина“ од повеќе автори е опомена за сите

На 24 април годинава во салата на Домот на културата во Кавадарци се одржа промоцијата на стихозбирката „Сите за Фросина“ од повеќе автори, членови на поетскиот клуб „Тиквешки цветови“.




На промоцијата на која присуствуваа голем број љубители на пишаниот збор, беа присутни и членовите на семејството на Фросина Кулакова, девојката која на трагичен начин го изгуби својот млад живот на пешачки премин во Скопје, како резултат на човечка невнимателност.

Промоторот на ова дело во кое се застапени дваесетина автори, претседателката на поетскиот клуб „Тиквешки цветови“, Марија Црвенковски, во своето обраќање пред присутните рече: „Помина една година и повеќе од прераната смрт на Фросина Кулакова. Пред нас е една книга полна со љубов, од луѓе кои не заборавааат. Ова е споменик изграден од емоции и стихови преку кои Фросина оживува во спомените. Авторите на оваа книга ги позајмуваат своите зборови, и секој стих е лек за душата, но и штит против заборавот и опомена за сите нас“.

Стиховите на пензионерите поети, членови на поетскиот клуб „Тиквешки цветови“, Тодорка Андова, Милка Минкова, Марија Црвенковски, Велика – Вики Мицева и Јованка Змејковска, со секој напишан стих како да положуваат по еден тиквешки цвет пред ликот на Фросина. Оваа збирка не е само спомен, таа е сведоштво на младост што инспирира, болка што обединува во светлина што не згаснува. Низ стиховите се преплетуваат тага, гнев, но и љубов. Авторите се обединети околу една светлина сакајќи да го осветлат ликот на младата девојка чиј живот беше прерано прекинат. Пешачкиот премин на кој таа загина станува повеќе од место, станува симбол на кревкоста на животот и на одговорноста што ја носиме едни за други.

Фросина не е само име, таа е опомена да внимаваме, таа е повик да ги чуваме животи, таа е доказ дека љубовта и спомонот остануваат. **Лилјана Илиева**

## IN MEMORIAM Јован Гиновски



На 5 мај 2026 година почина Јован Гиновски, претседател на ЗП Карпош – Скопје од кого научивме многу, а можевме уште многу да учиме. Јован Гиновски, како пензионер со својот огромен и перманентен ангажман во последните 20 години, се истакна како пензионер за пример, одличен колега, другар и пријател, ценет сопруг, родител и дедо. Се пензионирал во далечната 2007 година и набрзо се вклучил во ЗП Карпош, а од 2008 година бил избран за претседател на Собранието. Оваа функција беше одлучено да ја извршува доживотно и тоа се обвистини. Со својата несебична ангажираност и посветеност на задачите, Јован даде голем придонес во развојот и унапредувањето на пензионерското организирање како во постојните 7 ограноци така и во целото Здружение. Придонесуваше за поуспешна соработка со многу други здруженија, како на спортски, така и на културен план. Како претседател беше голем визионер и многу домаќински се грижеше за да обезбеди подобри услови за сегашните и идните пензионери на здружението.

Јован успешно соработуваше и со претседатели од други здруженија, со СЗПМ, како и со локалната самоуправа и градоначалниците на Општина Карпош. Почитта кон искрените пријатели и колегите никогаш не умира. Јован Гиновски замина, но сеќавањето на него останува. Нека му е вечен споменот.

**СЗПМ**